# Политичка мисла

**Пазарни економии во криза:
кон закрепнување?**

**Market economies in crisis:
Towards recovery?**


| | |
|---|---|
| Година 7 | Year 7 |
| Број 28 | Number 28 |
| декември | December |
| Скопје, 2009 | Skopje, 2009 |

Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS Institute for Democracy "Societas Civilis" Skopje

Година 7
Бр. 28
декември
Скопје, 2009
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Year 7
Nº 28
December
Skopje, 2009
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми

Magazine for Political and Societal Issues

Издавач:
Анри Боне
Основачи:
д-р Ѓорге Иванов
м-р Андреас Клајн
Уредници:
м-р Владимир Мисев
м-р Сандра Кољачкова
Емилија Туџаровска
м-р Ненад Марковиќ
м-р Иван Дамјановски
Гоце Дртковски

PUBLISHER:
Henri Bohnet
FOUNDERS:
Dr. Gjorge Ivanov
Andreas Klein M.A.
EDITORS:
Vladimir Misev M.A.
Sandra Koljackova M.A.
Emilija Tudzarovska B.A.
Nenad Markovic M.A.
Ivan Damjanovski M.A.
Goce Drtkovski B.A.

Адреса:
Фондација „Конрад Аденауер“
ул. Максим Горки 16, кат 3
МК - 1000 Скопје
Тел.: 02 32 31 122
Факс: 02 31 35 290
E-mail: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

ADDRESS:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16/3
MK - 1000 Skopje
Phone: 02 32 31 122
Fax: 02 31 35 290
E-mail: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија
„Societas Civilis“ Скопје
ул. Крагуевачка бр. 2
МК - 1000 Скопје
Тел./Факс: 02 30 94 760
E-mail: contact@idscs.org.mk
Интернет: www.idscs.org.mk

Institute for Democracy
"Societas Civilis" Skopje
ul. Kraguevacka 2
MK - 1000 Skopje
Phone/fax: 02 30 94 760
E-mail: contact@idscs.org.mk
Internet: www.idscs.org.mk

Македонска асоцијација на политиколози
E-mail: map@yahoogroups.com

Macedonian Political Science Association
E-mail: map@yahoogroups.com

Печат:
Винсент графика
Дизајн:
Натали Николовска
Организација:
Даниела Трајковиќ
Техничка подготовка:
Пепи Дамјановски
Превод:
Марија Мицевска - Кокаланова
Јазична редакција на англиски:
Рајна Кошка

PRINTING:
Vinsent Grafika
DESIGN:
Natali Nikolovska
ORGANIZATION:
Daniela Trajkovic
TECHNICAL PREPARATION:
Pepi Damjanovski
TRANSLATION:
Marija Micevska - Kokalanova
ENGLISH LANGUAGE EDITOR:
Rajna Koska

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Societas Civilis“ Скопје, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот.

The views expressed in the magazine are not the views of the Konrad-Adenauer-Stiftung and the Institute for Democracy "Societas Civilis" Skopje. They are personal views of the authors. The publishers are not liable for any translation errors.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS Institute for Democracy "Societas Civilis" Skopje

# СОДРЖИНА / CONTENTS

## Вовед / INTRODUCTION

**Пазарни економии во криза: кон закрепнување?........................ 9**
Анри Боне

**Market economies in crisis: towards recovery?**
Henri Bohnet

## Актуелно / CURRENT

**Пазарни економии во криза:**
**Република Македонија во насока на закрепнување................. 13**
Зоран Ставрески

**Market economies in crisis:**
**The Republic of Macedonia on the path to recovery**
Zoran Stavreski

**Social market economy as a bridge in times**
**of crisis: 'Human dignity shall be inviolable'................................ 21**
Michael Borchard

**Социјална пазарна економија како мост во време**
**на криза: „Човековото достоинство не смее да се наруши"**
Михаел Борхард

**Шансите на пресвртот............................................................ 31**
Елке Пикарц

**Opportunities after the crisis**
Elke Pickartz

**The global economic crisis and its impact**
**on trade in the Republic of Macedonia ........................................ 35**
Aleksandar Kostadinov

**Глобалната економска криза и нејзиното влијание**
**на трговската размена во Република Македонија**
Александар Костадинов

**Развој на малите и средните претпријатија – алтернативно решение за последиците од економската криза ........................ 41**
Катерина Шапкова

**Development of small and medium-sized enterprises: an alternative solution for the consequences of the economic crisis**
Katerina Šapkova

## Меѓународни организации / International Organizations

**Еврото како важен стабилизатор ............................................. 53**
Ханс Титмајер

**The Euro as the factor of market stability**
Hans Tietmeyer

## Предизвици и перспективи / Challenges and perspectives

**Многу врева за ништо? За стравот од глобалната конкуренција.................................... 61**
Норберт Бертхолд

**Much Ado About Nothing: On the fear from global competition**
Norbert Berthold

**Односот меѓу новата етика на економијата и глобалната економија................................................................. 67**
Дејан Донев

**The relation between the new ethics of economy and global economy**
Dejan Donev

## Македонија и ЕУ / Macedonia and EU

**Како македонската економија одговори на светската економска криза .................................................. 75**
Христина Рунчева

**The response of the Macedonian economy to the global economic crisis**
Hristina Runčeva

## Теорија / Theory

**Критика на пазарното стопанство?** .......... 81
Корделиус Илгман / Улрих ван Сунтум
**A critique of market economy?**
Cordelius Ilgmann / Ulrich van Suntum

**Пазарните економии во криза – замена на доминантните макроекономски парадигми** .......... 89
Борче Треновски
**Market economies in crisis: A major shift in the dominant macroeconomic paradigms**
Borče Trenovski

## Портрет / Portrait

**Валтер Ојкен – „Архитект“ на социјалната пазарна економија** .......... 99
Бојан Богевски
**Walter Eucken: the architect of social market economy**
Bojan Bogevski

## Документ / Documents

**Guidelines for Prosperity, Social Justice and Sustainable Economic Activity** .......... 106
**Насоки за просперитет, социјална правда и одржлива економска активност**

## За авторите / About the Authors

.......... 111

# Вовед

Анри Боне

## Пазарни економии во криза: кон закрепнување?

Неколку знаци укажуваат на тоа дека сме го преживеале најлошото од светска економска криза и дека глобалниот финансиски пазар ја издржал бурата: цените на акциите на многу од светските берзи повторно се во подем и економските предвидувања на краток рок се позитивни. Производството престана да се намалува во сите големи економии. Меѓународниот монетарен фонд ги коригираше своите предвидувања за 2010 и сега се очекува раст од 3.1%. Корпоративните финансии, замрзнати речиси цела година, сега се активирани од страна на компаниите и инвеститорите.



Но, иако најлошото можеби е надминато, далеку сме од нормалното водење бизнис. Невработеноста повторно се зголемува во повеќето од западните економии и останува неприфатливо висока во Македонија и во целиот балкански регион. Продуктивниот капацитет на компаниите сè уште не е целосно искористен. Главниот потрошувач во нашите економии не се приватните бизниси или лица, туку сè уште е државата која тоа го прави преку воведување итни мерки коишто треба да

# Introduction

Henri Bohnet

## Market economies in crisis: towards recovery?

Several signs indicate that we have survived the worst of the world economic crisis and that the global financial market has weathered the storm. Share prices in many of the world's stock markets are on the rise again and short-term economic forecasts are positive. Output has stopped shrinking in all big economies. The International Monetary Fund has corrected its forecast for 2010 upwards and expects now worldwide growth to pick up to 3.1%. Corporate finance, frozen for most of the past year, is now being actively raised again by companies and investors.

But even though the worst may be over, we are far from getting back to business as usual. Unemployment is still rising in most of the Western economies – and remains unacceptably high in Macedonia and the Balkan region as well. Companies' production capacities are not yet being used fully. Spending in our economies comes mainly from the state by way of emergency measures to prop up the economy and banks, not from private business and con-

ги поткрепат економијата и банките. Фискалните и монетарните стимулации од Владата ги ублажуваат можните штети за банките и домаќинствата. Владините долгови во многу од светските водечки економии се загрижувачки високи. И, всушност, прашањето кое денес треба да си го поставиме е: дали ја научивме лекцијата од кризата и дали нашите економии ќе закрепнат достигнувајќи го не само претходното ниво, туку и да успеат во подобро регулираната, поефикасна и законски уредена меѓународна средина?

Нашите економии сега се наоѓаат во ситуација во која моменталниот одговор на кризата треба да биде заменет со напори за целосно опоравување и барање начин како да се зајакне растот и како опоравувањето да биде подобалансирано и одржливо. Сегашната задача е финансискиот систем да се направи постабилен и поефикасен, да создаде нови можности за вработување и да ги намали последиците од кризата, за оние кои ги изгубиле своите работни места и нивниот доход. Дури и во овие времиња на криза, позитивниот ефект од глобализацијата не смее да биде ризикуван поради националниот и регионалниот протекционизам. Перспективата за повлекување на државните интервенционистички мерки и создавањето нова, здрава клима за пазарната економија во која приватниот бизнис ќе напредува, мора да се реализира што побргу може. Групата Г-20 на водечките економии се заложи за ова како на скорешниот самит во Питсбург така и на Средбата на министрите за финансии во ноември оваа година во Сент Ендрујз. Исто така општо прифатена е потребата за меѓународна задолжителна регулатива со која ќе се обезбеди закрепнување кое ќе трае.

sumers. Fiscal and monetary stimulus from the governments is alleviating the damage to banks and households. Government debt in many of the leading economies is worryingly high. So the question we have to ask today is actually the following: have we learnt the lessons from the crisis and will our economies recover not only to previous levels, but prosper in a better regulated, more efficient and legitimized international environment?

Our economies are now at the moment where immediate crisis response has to be replaced by efforts to complete the recovery and look for ways to strengthen growth and make recovery more balanced and sustainable. The task is now to make the financial system more resilient and efficient, to create new employment opportunities and reduce the aftermath of the crisis for those who have lost their jobs and their income. Even at these times of crisis, the positive effects of globalisation must not be put at risk by national or regional protectionism. The perspective for the withdrawal of state intervention measures and the creation of a new, healthy climate for the market economy and private business to flourish has to be realised as soon as possible. The G-20 group of leading economies has pledged this at its recent summit in Pittsburgh and at the Finance Ministers' meeting this November in St. Andrews. It also acknowledged the need for internationally binding rules to ensure that the recovery will last.

In this issue of the Political Thought the contributing authors examine not only the consequences and remain-

Во овој број на „Политичка мисла" авторите во своите текстови не ги проучуваат само последиците и преостанатите предизвици на кризата и почетокот на закрепнувањето, туку бараат и можен модел за оваа регулатива: социјалната пазарна економија на Германија е пример за стабилен пазарен систем, којшто добро ја преживеа оваа криза – и промовираше просперитет, социјална правда и одржлива економска активност во шеесетте години на неговото постоење. Водечките принципи на социјална пазарна економија се солидарност и супсидијарност. Солидарноста е таа која прави да социјалната пазарна економија постојано се води од мислата за заедничкото добро, додека супсидијарноста го создава и го гарантира просторот за поединечна одговорност и иницијатива. Во рамките на демократската легитимност и одговорност, како и во рамките на проширена соработка и координација, овие елементи можат да ги создадат основите за подобро функционирање на глобалната економија.

ing challenges of the crisis and the beginning of recovery, but also look at a possible model for these rules; the social market economy of Germany is an example for a stable market system that has weathered this crisis well – and promoted prosperity, social justice and sustainable economic activity over the 60 years of its existence. The guiding principles for the social market economy are solidarity and subsidiarity. Solidarity ensures that the market economy is continually legitimized by its orientation to the common good, while subsidiarity creates and guarantees the space for individual responsibility and initiative. Within the framework of democratic legitimacy and responsibility, as well as expanded cooperation and coordination, these elements could constitute the foundation of a better functioning global economy.

# Пазарни економии во криза: Република Македонија во насока на закрепнување

Зоран Ставрески

## Првобитниот грев

Пазарните економии одвреме навреме запаѓаат во криза. Некогаш поблага, некогаш поостра. Со напредокот на економската наука и активното користење на монетарната и фискалната политика, во последните 25 години се чинеше дека креаторите на економските политики успеаја да ја контролираат цикличноста во пазарната економија, односно значително да ги ублажат порастите и падовите. Сè до 2008 година, кога крахот на хипотекарните кредити во САД предизвика криза на меѓународните финансиски пазари која набрзо се прелеа во меѓународната трговија и реалниот сектор втурнувајќи ги развиените економии во најголемата рецесија по големата депресија од 30-тите години на минатиот век. Очигледно, глобализацијата на економијата и иновациите во финансискиот сектор во последните десет години креираа некои процеси кои излегоа од контролата на креаторите на економската политика и регулаторните институции.

Што всушност се случи? Банките во САД даваа станбени кредити кои потоа ги „препакуваа“ како обврзници и ги продаваа на инвеститори од целиот свет кои беа привлечени од високиот принос и високиот рејтинг на таквите обврзници. Со готовината која ја добиваа банките во замена за обврзниците тие уште повеќе ја засилуваа својата кредитна активност. Ваквата пракса ја прекина врската помеѓу корисникот на станбениот кредит и оној кој го финансира истиот кредит. Ризикот се распрсна насекаде низ финансискиот сектор, а истовремено никој не беше свесен за висината на ризикот на кој е изложен. Парите ги имаше во изобилство а конкуренцијата меѓу банките ги спушташе критериумите за бонитетот на лицата кои земаа станбени кредити. На крај, банките започнаа да даваат кредити на лица без работа, без редовни приходи и без имот, односно таканаречени нинџа („ninja“ - no income, no job and assets) кредити. Секјуритизацијата ги дуваше билансите на банките кои достигнаа дотогаш невидени стапки на leverage, а профитите бележеа рекорди. Ризикот растеше сè повеќе, а најсофистицираните модели за управување со ризици покажуваа дека сè е во ред. Беше само прашање на време кога балонот ќе се распрсне.

Кога нинџа кредитите достасаа за наплата, лавината тргна. Банките и инвеститорите кои купуваа обврзници престанаа да го добиваат приходот на кој сметаа. Никој веќе не сакаше да ги купи на секундарниот пазар обврзниците обезбедени со станбени кредити. Поради асиметричноста на информациите за тоа кој колку е изложен кон тие хартии од вредност, на финансиските пазари завладеа недоверба. Без најважната компонента – довербата – банките веќе не можеа да ја извршуваат својата улога на посредник помеѓу оние кои имаат пари и оние на кои им требаат пари. Како што моторот зарибува без масло, така економијата застанува без функционален финансиски сектор.

## Ширење на кризата

Она што следеше беше логична последица на настаните. Дојде до пад на приватната потрошувачка и инвестициите во најразвиените економии по што најголем дел од нив влегоа во рецесија во вториот и третиот квартал на 2008 година. Следеше драстична контракција на побарувачката за енергија и суровини и пад на нивните цени. По долгогодишен непрекинат раст меѓународната трговија се намали во 2009 година. Мултинационалните компании и банките од развиените економии соочени со ликвидносни проблеми на домашните пазари започнаа да ги повлекуваат средствата од економиите во подем.

Она што започна како финансиска криза на најразвиените пазари брзо се прошири на пазарите во подем. Иако начинот на пренесување се разликува од земја до земја, негативните ефекти се почувствуваа преку падот на цените на суровините (commodities) намалениот извоз, повисоките трошоци на капиталот, намалените странски директни инвестиции, репатријацијата на веќе вложениот странски капитал и намалувањето на приливите од дознаките од странство.

Големите извозници на нафта и суровини се соочија со висок пад на цените на нивните носечки производи. Одеднаш секнаа високите приливи на пари од минатите години кога цените на суровините вртоглаво растеа предизвикувајќи рецесија во домашните економии. Оние попрудентните кои дел од високите приливи во претходните години ги акумулираа во специјални стабилизациони фондови, ги употребија истите за одбрана од одливот на капитал, но и како фискален стимулус со контрацикличноно влијание.

Извозните економии во подем од Азија беа погодени од падот во светската трговија и побарувачката за нивните стоки за широка потрошувачка. За среќа, поучени од азиската криза во 1997 година тие го ставија фокусот во изминатите десет години на градење на високи девизни резерви. Поради тој факт тие беа во состојба да го издржат притисокот од повлекувањето на капиталот и недовербата на финансиските пазари. Дополнително, добрите перформанси на кинеската економија и синергијата во регионот на југоисточна Азија беа причина нивните економии значително да го забават економскиот раст, но сепак да останат во позитива.

Веројатно пренесувањето на кризата предизвика најтешки последици во економиите во подем од Централна и Југоисточна Европа, особено во новите членки на ЕУ. Високите приливи на капитал пред и по влезот во ЕУ поттикна високи стапки на економски раст и инвестиции, намалување на стапката на невработеност и брзо продлабочување на кредитната интермедијација. Истовремено, тоа беше придружено со раст на платите и потрошувачката, експлозија на цените на недвижностите и продлабочување на дефицитот во платниот биланс до 20% од БДП. Како резултат на ваквата експанзија тие забрзано фаќаа приклучок кон останатите земји членки на ЕУ. Сè беше добро додека на финансиските пазари имаше изобилство од капитал. Кога приливот на капитал запре и започна да се одлева кон развиените економии, најголем број од овие економии во подем беа принудени на болни прилагодувања на домашната побарувачка. Како последица, наместо дотогашниот економски раст од над 6%, во 2009 година тој се оценува дека е подлабок од -5%, а кај некои и од -10%. Тоа е придружено со висок пораст на невработеноста и пад на платите. По наглото запирање на приливите на капитал неколку од овие економии беа принудени да бараат спас во програми со ММФ по што овој регион во моментов е негов најголем клиент.

## Пренесување на кризата во Македонија

Во основа македонската економија беше изложена кон светската финансиска криза и рецесијата преку два канали, финансискиот систем и надворешната трговија. Негативните ефекти од финансискиот канал беа лимитирани поради здравоста на банкарскиот сектор и неизложеноста кон ризични странски средства. Впрочем, независната оценка на Мисијата за оценка на финансискиот систем на ММФ и Светската банка спроведена во март и април 2008 година гласеше дека финансискиот систем на Македонија не е особено ранлив на скорешни макроекономски шокови или шокови на финансискиот сектор.

Македонскиот банкарски сектор кој сочинува повеќе од 90% од финансискиот сектор, ја финансира кредитната експанзија од свои сопствени извори, односно од депозити. За разлика од Бугарија, Србија, Хрватска, Романија и повеќето земји од Централна Европа, во Македонија дури по значителната експанзија во 2007 и 2008 година соодносот на банкарските депозити и кредитите достигна 90%. Тој не ја финансираше својата експанзија со странски средства. Затоа, наглиот скок на цената на капиталот за економиите во подем веднаш по колапсот на „Lemhan brothers“ не претставуваше позначаен проблем за македонските банки. Сепак, веднаш по колапсот на финансиските пазари во светот македонските банки реагираа прудентно и веќе во последниот квартал на 2008 година значително го намалија кредитниот раст.

И додека релативната изолација од светскиот финансиски пазар претставуваше брана за контаминација од негативните ефекти од кризата, поради високата интеграција во меѓународната трговија рецесијата

во светската економија брзо се пренесе врз македонската економија. Намалената странска побарувачка и високиот пад на цените на металите предизвикаа пад на извозот во последниот квартал на 2008 година, а економскиот раст забави на околу 2% споредено со околу 6% раст во претходните три квартали. Намалувањето на извозот продолжи во првото тримесечје на 2009, којшто имаше клучно влијание врз падот на бруто домашниот производ во овој период од 0,9% на годишна основа. Во првата половина на 2009 годината, економијата влезе во зоната на негативни годишни промени, при што просечниот пад на БДП во овој период изнесува 1,2%. Сепак, може да се каже дека контракцијата на активноста е значајно помала споредено со останатите економии во регионот и во Европа. Ваквата умерена стапка на пад најмногу се должи на позитивниот придонес на нето извозот кон БДП, односно на повисокиот пад на увозот од извозот. Дополнително, падот на БДП беше релативизиран и од поголемата отпорност што ја покажа личната потрошувачка, при сè уште стабилни приходи на населението.

## Пат кон закрепнување на македонската економија

Во вакви услови креаторите на економската политика оценија дека е неопходно да се задржи макроекономската стабилност, да се поттикне економскиот раст не загрозувајќи ја стабилноста и да се продолжи со структурните реформи.

Во подршка на макроекономската стабилност фискалната политика на двапати изврши ребаланс на буџетот усогласувајќи ги расходите соодветно на намалените буџетски приходи не отстапувајќи од таргетираниот дефицит од 2,8% од БДП. Централната банка од своја страна ја зголеми основната каматна стапка од 7% на 9% во март 2009 година, а во мај, како одговор на сè поголемата евроизација на депозитната база на банките, ја зголеми стапката на задолжителна резерва за девизните депозити.

Овие мерки надополнети со позитивните сигнали за побрзо закрепнување на глобалната економија, придонесоа веќе од јуни да се воспостави екстерната рамнотежа по што започна зајакнувањето на девизните резерви. Континуираниот откуп на девизниот пазар надополнет со приливот од Еврообврзницата и алокацијата на специјалните права на влечење доведоа до пораст на девизните резерви за околу 400 милиони евра во периодот од мај до ноември 2009 година.

Политиката на фиксен девизен курс на денарот при запрени приливи на странски капитал не оставаше голем простор за водење на контрациклична фискална политика. Фискалниот стимул мораше да биде од ограничен обем и да води сметка за макроекономската стабилност олицетворена преку стабилноста на девизниот курс.

Во период од шест месеци Владата донесе три пакети на анти кризни мерки за поддршка на реалниот сектор од економијата. Првиот пакет на мерки беше донесен пред крајот на 2008 година а централно место зазема буџетот за 2009 година. Дефицитот беше лимитиран на 2,8% при

што најголем дел од финансирањето беше обезбедено од странство. Беше извршено реструктурирање на расходите во корист на јавните инвестиции, за сметка на стоките и услугите и платите на јавната администрација. Дополнително беа предвидени неколку мерки со проценет ефект од 330 милиони евра насочени пред сè кон претпријатија со наследени долгови кон државата од минатото, но и кон претпријатија што добро работат преку ослободувања кај данокот на добивка, намалени царини за репроматеријали, намалување на социјалните придонеси за една третина во период од три години и намалени даноци за земјоделците.

Со вториот пакет на мерки Владата на Република Македонија донесе програма за реализација на инфраструктурни проекти. Програмата опфаќа проекти во патната и железничката инфраструктура, енергетскиот сектор, станбената изградба, животната средина, спортската инфраструктура и други капитални проекти. Нејзината реализација, на краток рок, ќе го помогне економскиот раст во услови на криза, преку поддршка на градежништвото и други сектори, додека на долг рок ќе ја подобри конкурентноста на македонската економија.

Третиот пакет мерки на Владата на Република Македонија, вклучи седумдесет анти кризни мерки кои се однесуваат на три сегменти: 1) ребаланс на буџетот, кој вклучува ревизија на макроекономските проекции и соодветно намалување на приходите и расходите на буџетот под новонастанатите околности, 2) кредитна поддршка на претпријатија преку кредитна линија од ЕИБ во износ од 100 милиони евра со ниска каматна стапка наменети за: а/ долгорочни, инвестиции – кредити, б/ краткорочни кредити за обртни средства в/ субвенција на каматните стапки за компаниите г/ издавање на гаранции и 3) други мерки за поддршка на претпријатија, вклучувајќи мерки за олеснување на извозот на стоки, намалување на трошоците и други. Дополнително стапката на данокот на додадена вредност за новоизградени станови беше намалена од 18% на 5%.

И покрај негативните ефекти од глобалната рецесија Владата остана цврсто решена да продолжи со започнатите структурни реформи. Структурните реформи, кои во текот на 2006, 2007 и 2008 година ги спроведе Владата на Република Македонија, денес значително ѝ помагаат на македонската економија, и заради истите, првиот удар од кризата значително се амортизираше. Имено, воведувањето на рамниот данок и намалените даночни стапки доведоа до истовремено намалување на даночниот товар на фирмите и граѓаните и зголемување на даночните приходи. Во таа насока во јануари 2009 година се спроведе реформата на социјалните придонеси и воведувањето на концептот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата на вработените – успешна реформа за олеснување на процесот на водење бизнис, олеснување на административните процедури и намалување на трошоците на работодавачите, подобрување на состојбите на пазарот на труд и зголемување на социјалната сигурност на работниците.

Структурните реформи кои ги презема Владата на Република Ма-

кедонија во 2008 и 2009 година придонесоа нашата земја да се најде на 32-то место на ранг листата на „Doing Business 2010“ – Извештајот на Светска банка „Реформите во тешки времиња“, каде Македонија меѓу 183 држави оствари скок од 37 места во однос на претходната година, кога беше на 69 позиција. Со тоа, Македонија се најде меѓу трите светски топ-реформатори, што придонесе да ја подобри својата позиција на главниот индикатор за водење бизнис. Македонија со високото 32. место на листата е најдобро рангирана во регионот пред Бугарија, Словенија, Романија, Црна Гора, Турција, Албанија, Србија, Хрватска, Грција, Косово и Босна и Херцеговина.

Посветените и храбри политики во услови на глобална криза поддржани од излегувањето од рецесија на развиените економии ги покажуваат првите знаци на закрепнување на македонската економија. Се очекува дека закрепнувањето на македонската економија во 2010 година ќе резултира со раст на БДП од 2%, поддржан со раст на индустриското производство од 2,4%, ниска и стабилна инфлација од 2%, пораст на извозот на стоки од 8,5%, а на увозот од 8,1%. Врз основа на амбициозна програма на Владата за инфраструктурен развој на државата, проектиран е раст на градежниот сектор од 2,3%. Раст се предвидува и во телекомуникацискиот сектор, а врз база на напредокот во ИТ технологијата и процесот на дигитализација на земјата. По стагнацијата на вработеноста во 2009 година, се очекува обновување на растот во 2010 година, со 3% зголемување на вработеноста и пад на невработеноста од 1,5%.

Постепениот раст на светскиот БДП и благото обновување на глобалните финансиски текови, заедно со оцените за умерен раст на приватните трансфери ќе резултираат во релативно стабилна екстерна позиција. Притоа, во 2010 година се очекува девизните резерви да се задржат на ниво од најмалку четиримесечна покриеност на увозот со што се гарантира макроекономската стабилност. Сепак, ризиците и неизвесноста и натаму се присутни, главно поврзани со темпото на закрепнување на извозот и обемот и структурата на очекуваните капитални приливи.

**Abstract**

The purpose of the text is to explicate the causes and consequences of the global economic crisis with a particular emphasis on their influence on the Macedonian economy. The turbulence that shook the international financial markets in 2008, which began with the crisis on the market of high-risk mortgage loans in the USA, developed into the deepest system crisis of the past one hundred years. The disrupted functioning of the markets and the restricted credit activities of banks significantly affected the dynamics in the real sector. In the last quarter of 2008, the global financial crisis evolved into a global economic crisis, and the limiting of the economic activities in developed states has reached its highest peak since the Great Depression of the 1930s. In such circumstances, the Republic of Macedonia continued to achieve significant results in the domain of economy. A number of prominent international institutions, after scanning the situation in our country, emphasize in their reports that the Republic of Macedonia is one of the states in South East Europe which has most successfully contained the effects of the global economic crisis, claiming that this is a state which has had significantly better performance than the other countries in the region and beyond. In addition to the already planned structural reforms, the alleviation of the consequences of the global economic crisis for the Macedonian economy is, without doubt, also the result of the adoption of the three anti-crisis stimulus packages implemented by the Government of the Republic of Macedonia.

# Social market economy as a bridge in times of crisis: 'Human dignity shall be inviolable'

Michael Borchard

'Human dignity shall be inviolable. To respect and protect it shall be the duty of all state authority.' This is the first article of the Basic Law of the Federal Republic of Germany, but it is more than that. This often-quoted sentence from the Constitution, which 'the German people' gave themselves 60 years ago, 'conscious of their responsibility before God and man', also laid the foundation for an exceptionally successful economic system, the influence of which extended well beyond national borders. At present, however, this idea faces a remarkable dilemma: whereas approval for the social market economy has steadily declined in Germany over the past few years, this basic concept for a sustainable market-based economic system still has considerable attraction internationally, especially in times of crisis.

Particularly in the current financial and economic crisis, the application of some of the basic principles of the social market economy to an international order of whatever nature appears to make sense. It is something of a miracle that German Chancellor Angela Merkel's proposal to develop a 'charter of sustainable business' in the context of the G-20 summit was very well received despite widely diverging interests. This shows as well that the almost hackneyed saying that a crisis can also be an opportunity is not entirely unfounded. Rarely before has the window of opportunity for the establishment of a reliable and value-based international regulatory framework been as open as in the past few months. If the German social market economy is indeed to serve as the model for such an international financial and economic system, it is above all necessary that its basic principles be well defined and put into practice within national borders. To mark the 60th anniversary of the social market economy in 2008, several political institutions, organisations and think tanks formed an alliance in Jena and outlined a plan to reactivate this social and economic model. The present article is based on the main features of the so called Jena Manifesto, which the author of this article co-authored, but also supplements it with current references and applications to the international arena.

What makes the social market economy so very attractive as the only pragmatic alternative to the excesses of radical, free-market liberalism and socialist economics? The first sentence of the German Basic Law quoted above, the reference to inviolable human dignity, is an important key to understanding this economic concept. It is its particular image of the human being that makes this concept so idealistic and pragmatic at the same time. Christian and humanist-liber-

al teachings emphasise the personhood and the equality of all human beings before God. 'The measure of the economy is the human being; the measure of the human being is his relationship to God,' says Wilhelm Röpke, one of the founders of social market economy.

On this basic understanding the individual should be regarded neither as a malleable object in the hands of collectivist social engineers nor as an exploitable resource for particular economic interests. It is also a contradiction of this image of the human being when politicians hold the opinion that redistribution by itself is a sustainable form of social policy.

Human beings have to be free in order to be able to assume responsibility before God as well as for themselves. According to this understanding, human dignity also includes the possibility to make one's own living, in so far as the individual is capable of this. Self-respect arises above all from one's capability to work.

This is certainly not just about the self-fulfilment of the individual. It is an expression of human dignity 'not to live for oneself'. A community is therefore always more than a collection of individuals. As social beings, humans are prepared to contribute sociably to a community. In the long term no society is able to survive without broad acknowledgement of the importance of civic spirit. The two sides of the nature of the human being, wanting to be free in order to prove oneself and at the same wanting to feel safe as an integral part of a community for which one is also prepared to make an effort, is the basis of the social market economy. If this balance between freedom and responsibility is upset, individuals or entire groups can feel unjustly dealt with and unfairly burdened whilst others enjoy excessive liberties. In this context the state has to play an important role. As part of the dynamics within the social market economy, the state has to play the role of a 'robust referee', as Wilhelm Röpke put it. It has to use clear regulations to ensure that no entity unfairly burdens another while at the same time ensuring that the market as a whole stays intact. It was the latter function that the state fulfilled with its intervention in the 'game' after the looming collapse of the financial markets towards the end of 2008, thereby protecting its citizens and the economy from damage. This intervention only served to stabilise the financial system and the monetary framework necessary for the functioning of the economy. Without the governmental bailout packages a systemic collapse of the financial system would not have been inconceivable. The consequences of such a collapse for economic growth and employment would have been incalculable. Against this background the intervention of the state was actually 'in line with the market' even though some steps—for example, the state's temporary acquisition of a minority holding in certain banks—have to be a measure of last resort.

If, however, the state enters the game as one of the players in the absence of an extraordinary crisis, for example by mediating between group interests increasingly through redistribution, it risks stifling private initiative. Public spirit, innate to human beings, then threatens to wither.

Besides the specific image of the human being and the ensuing balance between freedom and responsibility, free competition, protected by a regulatory framework, is the second basic precondition for realising Ludwig Erhard's dic-

tum about 'prosperity for all'. 'Prosperity for all and prosperity through competition belong together inseparably; the first postulate is the goal, the second is the path that leads to this goal,' says Erhard, the father of the political implementation of the social market economy in Germany. Healthy self-interest is not only at the core of every market economy, it is also an important point of reference for the social market economy. A baker does not bake bread out of compassion for the hungry alone, and a bank does not grant loans primarily because of its sense of social responsibility.

Since time immemorial people have been spurred on to greater achievements through the pursuit of happiness and personal gain. In keeping with the social nature of humans this striving has continuously led to higher forms of cooperation—up to the highly complex division of labour with electronic money transactions in global markets. This increasingly sophisticated division of labour and specialisation, together with the accompanying technological progress, have made enormous increases in productivity possible. These developments form the decisive basis of prosperity for all. This requires free competition protected by a strong state from concentrations of power, in other words, free access for everyone to the market where all can offer goods and services. The market is the people's day-to-day vote on the services offered to the customer by the entrepreneur. Only those entrepreneurs who satisfy the needs of the consumer are successful. Thus, the effects of a market economy system are also social. This applies particularly to family businesses where entrepreneurs feel themselves personally responsible for their staff. Their credo is not that of US economist Milton Friedman, who said that 'the responsibility of business is business', but an orientation towards long-term goals. It pays to think beyond the present. When there are long-term perspectives, employees identify with their company; they are more motivated and consequently more productive. In a sense they repay the entrepreneur's loyalty to the company with a greater willingness to work. Politics also has to think beyond the present and particularly keep in mind the concerns of the owners of small- and medium-sized enterprises and of skilled workers. They are the backbone of our society.

The third constitutive element of the social market economy, besides the combination of freedom and responsibility based on the Christian image of the human being and free competition, is social adjustment. Alfred Müller-Armack, who coined the term 'social market economy', understood it as the combination of freedom in the market with social adjustment. This is not an arbitrary mix, but a political idea regarding economic systems. Within a competitive economy, social adjustment endeavours to combine free initiative with social progress, which is safeguarded precisely by market economy achievements. For this reason a system of social security has to correspond with the principle of staying in line with the market. Since the market signals the urgency of needs and the scarcity of resources via price mobility and thus also provides the stimuli for innovations—F. A. v. Hayek's formulation of 'competition as a method of discovery'—redistribution contrary to the market destroys the basis which creates 'prosperity for all'.

Within the framework of a social policy which stays in line with the market, it is an affirmation of personal dignity that each individual is primarily respon-

sible for earning his or her own living. Everybody must still have sufficient leeway to make private provisions for the future and accumulate assets. This is a decisive precondition for a social system in which the individual assumes responsibility and also feels responsible for his or her fellow human beings. When he or she is incapable of earning the necessary income, then the mutual support of the community comes into effect. Initially this includes families, church institutions and other self-help organisations. The entire mutual support community is ultimately responsible for guaranteeing the humane subsistence level of each and every person. The individual's ability to work plays a decisive role in the relationship between the subsidiary primary responsibility and the supportive ultimate responsibility of the community based on the principle of solidarity. The community's duty to support a person who is incapable of working and incapable of helping him/herself, because of disability or age, is not the same as the duty towards an able-bodied person who can help him- or herself and is thus bound by a self-help obligation.

In the development of social policy, any redistribution that is in line with the market has to make a strict differentiation between insurance benefits based on the achievement principle and financed by contributions on the one hand, and tax-financed social benefits based on the principle of need on the other.

Ludwig Erhard declared that 'individuals can only be truly free as persons and truly free vis-a`-vis the state and its institutions when they can rest assured that they are able to survive on the strength of their own achievements and their own labour, with neither protection nor hindrance from the state'. The aspiration to climb the social ladder must not be stifled by burdens and restrictions. Individual well-being is decisively influenced by the goals people set for themselves and by the satisfaction they feel on achieving them. This is an essential driving force in the dynamics of the economy.

Policymakers must stimulate individual initiative and thus contribute to greater self-confidence. The motivation to achieve is stifled when many people discover that there is little or no reward for their own efforts to find work. On the other hand, the effect of a policy that constantly draws on the earnings of those with existing jobs through compulsory social security contributions is that it grows increasingly difficult to become involved in society through one's own achievements: companies offer too few traineeships; young people wanting to work are systematically discriminated against in comparison to those who already have a job; and professional alternatives abroad are often more attractive, especially for younger people.

'Social justice' also comprises the opening up of opportunities whilst people are in education and training and during their professional lives. This includes strengthening people's determination to grasp the available opportunities as well as their ability to persevere through difficult phases. 'Self-discipline, a sense of justice, honesty, fairness, chivalry, moderation, public spirit, respect for the human dignity of others, sound values—those are required even before people enter the market and enter into competition with one another. They are indispensable pillars that prevent both from degradation,' says Wilhelm Röpke. Ideas of freedom and self-responsibility and the accompanying willingness to see life's adversities as a challenge develop first

in the family, then at school and in further education. The willingness to exercise freedom and individual responsibility has little to do with social status, inherited wealth or physical or intellectual gifts. This willingness is the determination of each individual to face up to the challenges of life. One of Ludwig Erhard's most frequently cited quotes condenses this into a simple but convincing formula:

Во услови на затегнатост на економските односи, посебно во реалниот сектор, наведените карактеристики на малите и средните претпријатија можат да претставуваат значителни предности за прилагодување на новонастанатите услови на пазарот. Во таа смисла, во една публикација на Комисијата на Европската Унија се истакнува: „микро, малите и средните претпријатија имаат централна улога во европската економија. Тие се главен извор на претприемнички вештини, иновации и вработување. Во 25 држави на ЕУ, околу 23 милиони мали и средни претпријатија обезбедуваат околу 75 милиони работни места и претставуваат 99% од сите деловни субјекти.“.[2] Презентираните статистики можат да бидат искористени од страна на креаторите на економските политики и да се употребат не како решение за кризата, туку како мудра алтернатива за намалување на штетните влијанија врз реалниот сектор и стандардот на населението.

Од наведените предности на малите и средните претпријатија, во услови на криза посебно се истакнува значењето на можноста што тие ја нудат за вработување на невработеното население. Дополнително, овде се отвора и можност за самовработување и вработување и на членовите на семејството. Оваа придобивка постои поради големата флексибилност и леснотијата за настанувањето, особено на малите претпријатија. Порастот на невработеноста, што се јави како секундарен ефект по кризата, може да биде ублажен преку отворање и развој на нови мали претпријатија. Нивното формирање е олеснето бидејќи не бараат големи износи на капитал за основање (што претставува редок и скап ресурс во кризни услови), законската процедура за регистрирање е релативно поедноставена (едношалтерски принцип) и не бараат специјализирани знаења и квалификации (за разлика од големите компании). Како илустрација може да послужи примерот со Соединетите Американски Држави, каде 64% од порастот на вработеноста се остварува во малите претпријатија (според таа регулатива, во претпријатијата кои имаат помалку од 100 вработени).

Уште една карактеристика на малите и средните претпријатија, а која е тесно поврзана со излезот од кризата, е иновативноста и креативноста која се развива во овие компании. Бидејќи инхерентна карактеристика на малите економски субјекти е адаптабилноста на променетите пазарни услови, тие на креативен и индивидуализиран начин при одлучувањето

[2] Софија Тодорова, Ванчо Узунов, *Применета Економика – еволуција, правна и институционална рамка, потсистем и управување во современиот економски систем на Република Македонија*, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2009, стр. 159.

то можат да реагираат брзо на променетите услови на пазарот. Карактеристично за големите гиганти е тоа што кај нив процесот на одлучување е побавен, што не е предност кога секојдневно се менуваат условите на пазарот. Малите бизниси содаваат поголем број иновации по вработен, што, во согласност со Шумпетеровата теорија за економските циклуси, претставува импулс за излез од фазите на депресија и рецесија во една национална економија, и започнување на фазите на заздравување и просперитет.

## 3. Малите и средните претпријатија во Република Македонија

Тенденциите во развојот на овој сектор во земјата не отстапуваат значајно од модерните тенденции во останатите земји од светот. Следниот дел ќе биде прикажан преку графичка и дијаграмска интерпретација на значењето на малите и средните претпријатија во Република Македонија.

Првата табела ја претставува структурата на малите, средните и големите претпријатија според нивната секторска структура. Секторската анализа дава една претстава за бројот на претпријатијата во секој сектор поединечно. Од наредната табела може да се забележи дека најголемиот број активни претпријатија се наоѓаат во секторот на големопродажба и малопродажба. Исто така, половината од 50.000 мали и средни претпријатија се активни во овој сектор. Потоа следат секторите производство, транспорт, складирање, комуникација и градежништво. Во 2004 година, според дефиницијата, само 430 средни претпријатија беа активни. Овие претпријатија се

***Табела 1*: Број на активни претпријатија по сектори**

| 2004 | | | |
|---|---|---|---|
| Сектор | Мали | Средни | Големи |
| Земјоделство, лов и шумарство | 912 | 31 | 3 |
| Рибарство | 28 | 0 | 0 |
| Рударство | 85 | 5 | 1 |
| Производство | 7 731 | 157 | 40 |
| Производство и достава на електрична енергија, вода и гас | 57 | 16 | 3 |
| Градежништво | 3 077 | 40 | 6 |
| Големопродажба и малопродажба | 24 486 | 112 | 8 |
| Хотели и ресторани | 2 710 | 12 | 1 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 4110 | 24 | 7 |
| Финансиско посредување | 39 | 2 | 62 |
| Недвижности, изнајмување и бизнис активности | 3 150 | 16 | 1 |
| Јавна администрација и одбрана | 22 | 1 | 0 |
| Образование | 413 | 0 | 0 |
| Здравство и социјална работа | 923 | 2 | 0 |
| Социјални и индивидуални услуги | 1 380 | 11 | 3 |
| Вкупно | 49 123 | 429 | 135 |

Извор: Опсервација за МСП во Република Македонија, Извештај 2004, стр. 30.

***Табела 2:* Број на вработени во активните претпријатија во РМ**

| Вид на претпријатие | 2002 | 2003 | 2004 |
|---|---|---|---|
| *(Реална вредност)* | | | |
| Мало | 110 373 | 124 840 | 140 511 |
| Средно | 144 654 | 137 888 | 61 239 |
| Големо | | | 48 683 |
| Вкупно | 255 027 | 262 728 | 250 433 |
| (%) | | | |
| Мало | 43,28 | 47,52 | 56,11 |
| Средно | 56,72 | 52,48 | 24,45 |
| Големо | | | 19,44 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 |

Извор: Опсервација за МСП во Република Македонија, Извештај 2004, стр. 42

најактивни во производствениот сектор (37%). Околу 26% од средните претпријатија се во секторот големо- и малопродажба. Големите претпријатија се најактивни во секторот финансиско посредување.

Втората табела, дадена во овој дел, се однесува на врската помеѓу малите и средните претпријатија, од една страна, и големите претпријатија, од друга страна, објаснети преку учеството во вработеноста. Од дадениот приказ се забележува дека вкупниот број вработени во малите и средните бизниси изнесува 80,56% од вкупната вработеност, односно 201.750 вработени. Овој заклучок оди во прилог на тезата дека економската криза, која поштетно делуваше на големите капацитети, во случајот на РМ може да биде амортизирана бидејќи 80% од вработените во земјата работат во мали или средни претпријатија. Исто така, овие субјекти, освен како амортизер на кризата можат да бидат и елегантно решение за проблемот со невработеноста во земјата, бидејќи можат да апсорбираат голем дел од невработената работна сила.

Понатаму, опсревацијата продолжува со анализата на добивката и загубата на микро и малите претпријатија, односно средните и големите

***Табела 3*: Податоци за добивка и загуба кај микро и мали субјекти**

| Година | Бр. на добивкари | Добивка | Бр. на загубари | Загуба |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 17 123 | 4 612 379 048 ден. | 16 517 | 6 412 475 791 ден. |
| 2002 | 18 986 | 6 005 807 388 ден. | 16 162 | 6 219 877 707 ден. |
| 2003 | 20 649 | 8 839 867 932 ден. | 17 561 | 6 099 539 078 ден. |
| 2004 | 22 615 | 9 054 346 915 ден. | 18 303 | 7 419 359 670 ден. |
| 2005 | 24 570 | 10 228 958 351 ден. | 19 369 | 8 099 646 375 ден. |
| 2006 | 27 096 | 12 648 072 908 ден. | 19 563 | 7 750 518 117 ден. |
| 2007 | 30 838 | 18 443 376 294 ден. | 19 873 | 9 255 739 579 ден. |

Извор: Централен регистар на Република Македонија, Добивка и загуба за временски период од 2001 до 2007 година, Статистички извештај, 28.07.2008, стр. 14

***Графикон 1*: Добивка и загуба на микро и мали субјекти**




Извор: Централен регистар на Република Македонија, Добивка и загуба за временски период од 2001 до 2007 година, Статистички извештај, 28.07.2008, стр. 14

претпријатија. Во продолжение се презентирани две табели и два графикони кои ги објаснуваат релациите во ова поле.

Податоците од табелата и графиконот говорат за еден позитивен тренд. Бројот ма микро и мали претпријатија кои остваруваат добивка постојано се зголемува. Ова зголемување се должи повеќе на зголемувањето на ефикасноста и продуктивноста во работењето во овој сектор, пред зголемувањето на вкупниот број мали и средни претпријатија. Исто така, се забележува и огромен пораст кај добивката која ја остваруваат претпријатијата. Се јавува и пораст и на загубите кои ги остваруваат претпријатијата, меѓутоа трендот на порастот на загубите е побавен отколку порастот на добивката.

Во продолжение е даден секторот на средните и големи претпријатија, како илустрација за односите кај големите играчи на пазарот.

***Табела 4*: Податоци за добивка и загуба кај средни и големи субјекти**

| Година | Бр. на добивкари | Добивка | Бр. на загубари | Загуба |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 330 | 10 501 374 257 ден | 264 | 11 712 489 421 ден |
| 2002 | 317 | 9 876 710 452 ден | 263 | 11 676 475 578 ден |
| 2003 | 343 | 12 962 742 026 ден | 260 | 12 293 063 323 ден |
| 2004 | 364 | 13 797 250 501 ден | 208 | 11 177 885 896 ден |
| 2005 | 361 | 20 951 697 681 ден | 185 | 8 710 765 858 ден |
| 2006 | 370 | 20 458 432 538 ден | 158 | 16 707 970 195 ден |
| 2007 | 391 | 40 138 082 260 ден | 136 | 9 445 171 953 ден |

Извор: Централен регистар на Република Македонија, Добивка и загуба за временски период од 2001 до 2007 година, Статистички извештај, 28.07.2008, стр. 17.

***Графикон 2*: Добивка и загуба на средни и големи субјекти**




Извор: Централен регистар на Република Македонија, Добивка и загуба за временски период од 2001 до 2007 година, Статистички извештај, 28.07.2008, стр. 17

## 4. Можности за развој на малите и средните претпријатија во Република Македонија

По елаборацијата на делот за малите и средните претпријатија, начинот на нивно функционирање, предностите кои ги имаат пред големите компании, како и состојбата во овој сектор во Република Македонија, следува делот кој се однесува на можностите за стимулирање на развојот на овие економски агенси. Главниот проблем со којшто се среќаваат овие претпријатија е недостатокот или ограничениот пристап до капитални фондови за нивно финансирање. Овој проблем е актуелен и при формирањето на бизнисот, како и при неговото работење. Затоа, посебно во влошени економски услови, треба да настапи државата и да му помогне на овој значаен сектор. Користите би биле двонасочни. Од една страна, бизнис секторот добива можност полесно да се адаптира на влошената економска реалност и да ја пребороди кризата. Додека, пак, од друга страна, корист имаат и целата национална економија и државата, бидејќи на овој начин се ублажуваат негативните последици од економската криза, посебно од аспект на влијанието врз вработеноста и падот на реалниот сектор.

По лоцирање на проблемите и опасностите од економската криза за стопанството на Република Македонија, беше увидена потребата за соодветна државна реакција со интервенционистички цели. Во рамките на антикризните мерки кои беа донесени годинава, се сретнува и поддршката на малите и средните претпријатија, како алтернатива за ублажување на ефектите од кризата. Овие мерки, донесени од Владата, претставуваат директна кредитна поддршка за приватниот сектор. Средствата се обезбедени со помош на Европската инвестициона банка (ЕИБ) во износ од 100 милиони евра и се наменети за поддршка на малите и средните претпријатија. Бидејќи, како што беше образложено прет-

ходно, главната предност во услови на криза на овој вид претпријатија е зачувување на вработеноста, односно ублажување на зголемувањето на невработеноста, овие кредити, наменети за претпријатијата, ќе бидат условени со задржување на бројот на вработените во компанијата.

Организацијата на кредитирањето на малите и средните претпријатија со оваа кредитна линија е во надлежност на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР). МБПР е акционерско друштво во кое Република Македонија е единствен акционер. Нејзини основни задачи се: финансирање на развојот на трговските друштва основани во Република Македонија; поттикнување на извозот; поддршка на мали и средни претпријатија основани во Република Македонија; финансирање на инфраструктурата; поддршка на регионалниот развој и финансирање на проекти за обезбедување и заштита на животната средина и на обновливи извори на енергија.[3]

Кредитната линија наменета за малите и средните претпријатија ќе биде реализирана од страна на комерцијалните банки во земјата, а со координација од страна на МБПР. Официјални комерцијални банки преку кои се доделуваат кредитите се следниве: Инвестбанка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Охридска банка АД Охрид, Прокредит банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Извозна и кредитна банка АД Скопје и Уни банка АД Скопје.

Средствата ќе можат да се користат за поддршка на извозно ориентирани активности до 50%, а останатите и за други деловни активности од кои до 50% за репрограмирање на постојни кредити кај иста банка.[4]

Кредитната линија ќе биде реализирана преку два кредитни производи и тоа:

***Производ 1:*** **МСП инвестициони кредити од ЕИБ**

| НАЗИВ НА ПРОИЗВОДОТ | МСП ИНВЕСТИЦИОНИ КРЕДИТИ ОД ЕИБ |
|---|---|
| Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници (КК) | • Микро претпријатија – кредит до 26.700 ЕУР<br>• Мали претпријатија – кредит до 266.700 ЕУР<br>• Средни претпријатија – кредит до 2.666.700 ЕУР<br>Минимален износ 10.000 ЕУР |
| Рок на отплата | Од 4 до 5 години |
| Вклучен грејс период | До 12 месеци |
| Каматна стапка за КК | 6% годишно<br>3м ЕУРИБОР +5%, но не помалку од 6% |
| Намена: | Поддршка на идентификувани проекти и тоа:<br>• Купување материјални средства (недвижности, опрема, обртни средства)<br>• Инвестиции во нематеријални средства (развој, планирање и финансирање во фаза на конструкција, како и трошоци за плати и останато поврзано со фазата на истражување и развој) |
| Ограничување: | Бројот на вработени не смее да се намалува за време на отплатата на кредитот |

[3] Закон за Македонската банка за поддршка на развојот (Службен весник на РМ, број 105/2009), член 10.

[4] http://www.vicepremier.gov.mk/?q=node/451.

***Производ 2*: МСП кредити за трајни обртни средства од ЕИБ**

| НАЗИВ НА ПРОИЗВОДОТ | МСП КРЕДИТИ ЗА ТРАЈНИ ОБРТНИ СРЕДСТВА ОД ЕИБ |
|---|---|
| Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници (КК) | • Микро претпријатија – кредит до 20.000 ЕУР<br>• Мали претпријатија – кредит до 200.000 ЕУР<br>• Средни претпријатија – кредит до 666.700 ЕУР<br>Минимален износ 5.000 ЕУР |
| Рок на отплата | Не помал од 2 години, но не поголем од 3 години |
| Вклучен грејс период | До 6 месеци |
| Каматна стапка за КК | 6% годишно<br>3м ЕУРИБОР +5%, но не помалку од 6% |
| Намена: | Поддршка на барањата за перманентно зголемување на потребите за обртен капитал во услови на експанзија на бизнис активностите на компанијата |
| Ограничување: | Бројот на вработени не смее да се намалува за време на отплатата на кредитот |

Од кредитните линии понудени на пазарот на македонските стопанственици, како и од намената и условите во кредитните производи, може да се забележи значењето на овој сектор за ублажување на ефектите од економската криза. Прво, овие кредитни линии се дел од пакетот антикризни мерки, со што директно се признава улогата на овој сектор во амортизирање на негативните екстерналии од кризата. Второ, се стимулира развојот на малите и средните претпријатија, пред големите компании, токму поради предностите кои што беа елаборирани во трудот. Трето, и во двете кредитни линии се става акцент на бројот на вработените во претпријатијата. Имено, постои услов и ограничување дека за време на отплатата на кредитот бројот на вработените во кредитниот корисник не смее да се намали. Со тоа се ограничува падот на вработеноста, една од најтешките последици кои што се должеа на влошените економски и финансиски услови.

На крај, треба да се напомене дека понатамошниот развој и стимулациите на овој стопански сектор не треба да бидат ограничени само во услови на криза, туку, како што може да се заклучи од сето претходно кажано, дека овој сектор може да даде огромен придонес за македонската економија, особено преку намалувањето на невработеноста и стимулирањето на иновативноста и флексибилноста, карактеристики кои високо котираат во модерните пазарни системи.

**Клучни зборови**: *микро претпријатие, мали претпријатија, средни претпријатија, економска криза, вработеност, флексибилност, адаптибилност, кредити, банки*

**Користена литература**

Cukovic, Nevenka & Bartlett, Will, *Entrepreneurship and Competitiveness: The Europeanisation of Small and Medium-sized Enterprise Policy in Croatia*, Southeast European and Black Sea Studies Vol. 7, No. 1, March 2007.

Тодорова, Софија, Узунов, Ванчо, *Применета економика – еволуција, правна и институционална рамка, потсистем и управување во современиот економски систем на Република Македонија*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2009.

Централен регистар на Република Македонија, Добивка и загуба за временски период од 2001 до 2007 година, Статистички извештај, 28.07.2008.

Државен завод за статистика, *Статистички преглед: Национална економија и финансии – Бруто домашен производ, 2007,* Скопје, 2009.

Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ, бр. 28/2004).

Закон за Македонската банка за поддршка на развојот (Службен весник на РМ, број 105/2009).

Lawrence J. Gitman, *Principles of Managerial Finance,* Addison-Wesley, 2008

Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија, *Опсервација за МСП во Република Македонија, Извештај 2004*, Скопје, октомври 2005.

http://www.mbdp.com.mk/pdf/za_mediumite.pdf

http://www.vicepremier.gov.mk/?q=node/451

**Abstract**

The last year will be remembered and recorded in economic history as a year that caused problems to a great number of national economies. The economic crisis did not spare even the most developed world economies. The main characteristic of the crisis was the negative effect on both finance and real sectors of the economic systems around the world. Governing and living in conditions of global interconnection and complex international economic relationships, the Republic of Macedonia has also felt the negative effects of the biggest world economic crisis.

The main focus of this paper is the small and medium - sized companies. The relatively fast process of their creating, the fast and efficient way of decision-making, possibilities for self-employment and recruiting new workforce are the main advantages of the small and medium enterprises. These advantages can serve as an absorber of the negative effects of the economic crisis which the economy of the Republic of Macedonia has experienced. The problem of unemployment is specifically singled out as an issue present much before the start of the crisis. However, the development of these sectors can be represented as a generator for the economic development of the country in future. On the other hand, the

main disadvantage of small - sized companies is the impossibility to access financial assets. This is the point where the government should step in and offer its help to small-sized companies in obtaining easier access to financial assets. This role has been very important in conditions of economic crisis, because the access to finances is severely restricted.

The last part presents the analysis of the current situation in this sector in the Republic of Macedonia. The paper also examines the policies and activities of the government to help small and medium - sized enterprises, as well as the alternatives for the future development of this sector.

**Key words:** *micro-sized enterprise, small-sized enterprises, medium-sized enterprises, economic crisis, employment, flexibility, adaptability, credits, banks*

# Еврото како важен стабилизатор
## По повод 10-годишнината од валутата на Заедницата

Ханс Титмаjер

На преминот од 2007 во 2008 со право можевме да го славиме десеттиот роденден на валутата на Заедницата. Финансиското и економското опкружување во светот е навистина оптоварено со значителни погрешни текови и несигурности. Но, еврото во првата декада од своето постоење, и покрај многуте првични стравувања, се покажа како релативно стабилна и силна валута и на тој начин државите-учеснички ги сочува од негативни влијанија, а особено ги спречи поранешните несакани кризи на курсот на менување во евро-зоната.

Исто така е важно дека централните причини за сегашната светска финансиска и економска криза не треба да се бараат во евро-зоната. Кризата не ја предизвикаа ниту постоењето на новата валута на Заедницата ниту монетарната политика на новиот систем на Европската централна банка. Оваа дијагноза е уште порадосна бидејќи долгиот пат кон еврото во втората половина на минатиот век беше означен со многу критични развои во и помеѓу националните економии, а не ретко и од суштински политички конфликти во областа на валутата и финансиите.

### Основите на Мастрихт

Откако уште во 60-тите години станаа сè појасни промените на курсот на менување во стариот систем на фиксниот курс на Бретон-Вудс, Заедницата на шесте држави есента 1969, на самитот на Европската економска заедница во Хаг, со политичките заклучоци што ги донесе го започна долгиот пат кон една валута на Заедницата, како и кон заеднички систем на Централната банка. И покрај повеќето обиди, оваа прва политичка пресвртница во правец на наднационална валута не можеше да биде реализирана во двете следни декади поради сè уште различните претстави за целта, како и фактичките политики на државите-членки, чијшто број истовремено растеше. Дури дваесет години подоцна, по темелни и често тешки преговори, со договорот од Мастрихт во 1992 се запишаа правните основи за процес на подготовка составен од три фази и создавање на Економската и монетарна унија. Во централните точки на овој договор се вбројува обврската на сите ЕУ-членки да избегнуваат прекумерни јавни дефицити и долгови. Оваа правно утврдена постапка за надзор подоцна беше конкретизирана во дополнетиот таканаречен Пакт за стабилност и пораст. Во монетарната унија сите држави-членки на ЕУ имаат во основа право и обврска за учество. Но, претходно мора да имаат квалификација врз основа на четирите критериуми за конвер-

генција, договорно утврдени. Само Обединетото Кралство и Данска се изземени од обврската за учество со посебни одредби.

Со влезот во третата фаза, монетарно-политичката одговорност преминува во системот на Европската централна банка, кој одново треба да се создаде. Овој систем мора да ја ориентира својата политика, пред сѐ, според првенствената цел, стабилност на цената. Тој е независен во одлучувањето од политичките влијанија.

Како последен термин за почетокот на монетарната унија и воведувањето на заедничката валута, за која во 1994 година се постигна согласност за германскиот предлог за името „евро", се одреди 1 јануари 1999. Земајќи ги предвид кризните заострувања на пазарите на курсот на менување во 1992 и 1993, овој термин се чинеше прво многу амбициозен. Некои критичари тогашните кризи на валутата ги интерпретираа како почеток на крајот на заедничкиот концепт и на неговата реализација. Под притисок на тогашното проширување во европскиот валутен систем, иницирано од германска страна, економскиот процес на конвергенција во ЕУ постигна значителен напредок. На почетокот на 1998 г., на самитска средба во Брисел, по напорни советувања се избраа првите единаесет држави членки на ЕМУ, денес се веќе шеснаесет, а се донесоа и првите одлуки за персоналот во новата Европска централна банка. На 1 јануари 1999 можеше да започне третата фаза на монетарната унија, а со тоа и преминот кон еврото, како што требаше според терминот. Поради неопходните технички работи за подготовка, промената на банкнотите и монетите беше можна дури на почетокот на 2001 година.

## Позитивен меѓубаланс

Тогаш донесените крајни одлуки се покажаа во голема мерка издржани. Пазарите го прифатија еврото како стабилна валута. И населението, и покрај привремените резерви, и во земјите со силни валути изненадувачки брзо се спријатели со еврото.

И наспроти многуте скептични прогнози, еврото денес и во евро-зоната и во светот важи за особено стабилна валута. Во меѓувреме, со просечна стапка на инфлација од само малку над 2 проценти во првите десет години, еврото спаѓа во најстабилните валути во светот и со тоа за Германците го презема наследството на германската марка. Вистина е дека, особено во првите години по промената, имаше критична дискусија за скапото евро, но таа меѓувреме целосно се заборави. Токму во последните години, во Германија на еврото се гледа како на стабилен наследник на германската марка.

## Меѓународно признание

И на меѓународно ниво денес еврото се признава како една од најстабилните големи валути. Во почетната фаза на пазарот на девизи имаше прво привремено обезвреднување на еврото, кое заврши многу брзо со силна нова ревалвација. И ревалвацијата, критикувана како прекумерна од некои страни, повторно се нормализираше, иако развојот на курсот на менување, под влијание на многу

фактори, и без тоа често пати тече променливо. Колку е поголем просторот на валутата толку се помали економски релевантните ефекти на курсот на менување. На меѓународните пазари еврото без друго важи како втора по ранг најважна валута. Особено како валута за фактурирање, доларот сè уште има доминантна улога, особено на пазарите на сурови материјали. И најпосле, не само како последица на насилното создавање на резерви на девизи на производителите на сурови материјали и на големите новонастанати држави во изминатите години, тоа сè уште важи за функцијата на валутата на резерви. Процентот на еврото на официјалните резерви во последните десет години во светот веќе е видно пораснат. На приватните финансиски пазари еврото го надмина доларот дури и во важните сегменти.

Особено важна за луѓето и за економијата во евро-зоната е улогата на еврото во пограничниот внатрешен сообраќај со евро-земјите и во сообраќајот со земјите од третиот свет. Воведувањето на еврото не само што значително ги подобри транспарентноста на понудата и побарувачката, а со тоа и конкуренцијата, туку користењето на еврото истовремено ги намали ризиците на курсот на менување, а со тоа и трошоците. Тоа се покажува и во пограничната трговија со стока и во патниот сообраќај. Во целина, еврото не само што го олесни животот на патниците туку трајно ја засили и конкуренцијата.

Ова, накратко, укажува дека преминот кон еврото не ја засили само стабилноста на валутата, тој ја издигна економската интеграција во евро-зоната на повисоко ниво. Особено важна беше и е позитивната улога на Европската централна банка. Таа во првите десет години не само што го исполни мандатот определен во договорот туку со своето однесување постави важен стандард за идната интерпретација на договорот во однос на мандатот и статусот на политичката независност. „Бекет-ефектот“, порано често цитиран во контекст на однесувањето на новите членови на Советот на Централната банка на Германската сојузна банка, се чини дека во меѓувреме имаше свое влијание и кај Директориумот и кај Советот на гувернери на Европската централна банка. Со тоа се поставени важни мерки за иднината.

## Слаби точки и потенцијали за конфликт

Наспроти овие, во целост позитивни резултати од првите десет години, има и некои слаби точки, кои не треба да се превидат. Тие се протегаат од недостатоците во фискалната дисциплина на некои земји, веќе многупати дискутирани во јавноста, преку зголемените проблеми на конкуренција на поединечните земји, па сè до опасностите во случај на брзо проширување, како и сè уште отворените прашања за понатамошна политичка интеграција.

Во Договорот од Мастрихт намерно се одреди инструмент за надзор на состојбата на буџетот на државите-членки, кој потоа беше конкретизиран во таканаречениот Пакт за стабилност и пораст. И историскиот поглед на поранешните кризи на валутата, и големиот процент на јавни финансии, особено денес во Европа,

во целокупното финансиско случување го нагласуваат значењето на солидните јавни финансии за трајната стабилност на една валута. Бидејќи компетенцијата за одлучување за јавните финансии во евро-зоната од добри причини остана на национално ниво, особено е важно задолжувањето на националните држави заеднички да се надгледува. Заедничкиот систем на правила и на контрола, создаден пред влезот во монетарната унија, во првите десет години покажуваше некои позитивни влијанија, но одредени државичленки сѐ уште се видно далеку од долгорочна дисциплина на задолжување и финансии. Но, нивните развои на дефицитот сѐ уште не делувале јасно на стабилноста на еврото и на соработката во монетарната унија. Потенцијалите за можен конфликт во иднина, кои тука лежат, не треба да се потценат.

Краткорочно уште поопасни се зголемените дефицити на конвергенција во минатите години помеѓу државите-учеснички во областа на работните трошоци (расходот во релација со продуктивноста). Додека во некои држави, пред сѐ во Германија, особено во последните години, дојде до значителни структурни реформи на пазарот на работна сила и во развојот на трошоците за плата, во други држави-членки трошоците за плата значително повеќе пораснаа и сега уште повеќе ја загрозуваат нивната конкурентност и внатре и надвор од евро-зоната. За разлика од порано, ваквите дивергенции кај една заедничка валута не може да бидат компензирани со промени на националните паритети на курсот на менување или дивергирани монетарни политики. Создадениот потенцијал на напнатост може да се ублажи само со измени на националните политики за плата и пазар на работна сила во правец на повеќе флексибилност и мобилност. Заедничката монетарна област кај различни национални политики може да функционира трајно и без конфликти, само ако пазарите на работна сила се доволно флексибилни и мобилни.

Евро-зоната во првите десет години се прошири од единаесет држави-членки на 16. Бидејќи сега ЕУ брои 27 држави-членки, потенцијалот за проширување, кој договорно е можен, сѐ уште не е исцрпен. Освен ова, не треба да се превиди притисокот на повеќето држави-членки за побрз пристап, и од нивна гледна точка тоа е разбирливо, особено во поглед на кризните заострувања на многу финансиски пазари. Колку и да е јасно основното право на државите-членки на ЕУ за пристап кон Монетарната унија, со право е поврзано со претходното исполнување на условите за конвергенција, со договор дефинирани. Токму во однос на штотуку спомenатите предизвици и последици на светската финансиска криза кои треба да се совладаат, надлежните инстанци треба да се држат до нивната веќе досега навистина претпазлива политика на проширување. Великодушните интрепретации на условите за конвергенција во поединечните случаи не само што може непосредно да ги зголемат досега нерешените проблеми во монетарната унија туку тие може да значат и проблематично прејудицирање за други барања за пристап.

## Ограничување на компетенциите

Не треба да се заборави дека подолгорочното политичко опкружување на Монетарната унија сѐ уште не е доволно разјаснето. Основањето на монетарната унија, побарано првобитно, пред сѐ, од германска страна преку една пошироко распространета политичка унија, разбирливо беше одложено, особено во поглед на приоритетното проширување на ЕУ, но и поради различните позиции на државите-членки. Барем на подолг рок потребно е да се разјасни ова прашање. При тоа станува збор помалку за централизација на понатамошните компетенции на политиката, а повеќе за јасно разграничување на компетенциите помеѓу националното и наднационалното ниво, како и за ефикасната структура на одлучување за наднационалната област на компетенции. Досегашниот предлог-договор содржи некои напредоци, кои на подолг рок не се доволни.

## Финансиската криза како предизвик

Иако еврото не е ниту причинител ниту засилувач, туку повеќе кочница на сегашната светска финансиска криза, делумно значително погодени од влијанијата на кризата се и евро-зоната и тамошната политика, и на национално ниво и на ниво на Заедницата. Затоа беше правилно и соодветно, не само државите-членки да се согласат за брзи контра мерки, туку да постигнат согласност и на ниво на Заедницата. При сузбивањето на акутната криза на ликвидност и на доверба, Европската централна банка со право се покажа во целиот обем како институција, способна да одлучува и дејствува. Без силата за одлучување и дејствување на ЕЦБ, кризата несомнено би предизвикала досега значително посилни негативни ефекти како во евро-зоната така и во целиот свет.

Кај понатамошните национални и меѓународни одлуки кои претстојат, станува збор за можни краткорочни потребни мерки за стабилизација, како и за подолгорочни пресвртници за трајно обезбедување на функционалноста на пазарите и повторното воспоставување на стабилни рамковни услови. Притоа, краткорочните акции и програми не смеат да ги запостават подолгорочните влијанија. При сета нужност не може да се изостави совесна каузална анализа на сегашниот кризен финансиски и економски развој, која нема да биде ориентирана според политичките предрасуди. Примарно емоционалната критика на капитализмот малку ги придвижува работите напред, исто како и еднострaната теза за „алчноста на банкарите“ која на крајот е одговорна за сѐ.

## Подобрување на контролните системи

Анализата на причините најпрво мора да ги уочи последиците од, пред сѐ, позитивната глобализација и интернационализацијата на финансиските пазари. Потоа, мора да се земат предвид светските иновации на производи и претприемачко-стратешките понатамошни развои овозможени особено преку технолошките напредоци и дерегула-

ции. Во ова опкружување очигледно дека многу институти и актери може да се одделат од националните регулатори и службите за надзор. Обидите, започнати во 80-тите години од минатиот век за меѓународно координирање на правилата за надзор на Банката за меѓународно израмнување на плаќања во Базел, долго време немаа голем успех, освен некои заеднички правила во контекст на различните интереси и традиции на размислување, особено кај англосаксонските земји. За жал, ова важеше и за Финансискиот форум на стабилност (Financial Stability Forum, FSF), инициран од мене лично, кој прво под американски притисок беше ограничен на земјите од Г-7, а кој сега, за среќа, треба да се прошири на земјите од Г-20. До ден-денес недоволниот развој на меѓународниот регулатор, како и неговото недоволно ефикасно спроведување во национално право и право на Заедницата беа и сè уште се голема причина за некој хипертрофен развој на активностите на финансиските пазари по влегувањето во новиот милениум, при што не ретко откажува и самостојната контрола за ризик на финансиските институти. На кого и да треба да му се припишат контролните дефицити, едно е сигурно: контролните системи во иднина мора да бидат поефикасни, како на ниво на претпријатија така и во рамки на државната контрола, и национално и меѓународно.

Ваквото барање не е во спротивност со концептот на пазарното стопанство, туку напротив. Духовните татковци на неолиберализмот со право ја нагласуваа нужноста од траен ефикасен рамковен поредок, за пазарната економија и конкуренцијата долгорочно да се одржат функционални. И Лудвиг Ерхард со право не се задоволи со национален надзор на конкуренцијата. Тој уште во договорот на ЕЕЗ од 1957 ја спроведе истата на ниво на Заедница. Ангела Меркел токму затоа е во право кога се залага за ефикасен регулатор, по можност, на ниво на свет и за поефикасна контрола на глобалните финансиски пазари. Бидејќи, колку и да е важна улогата на еврото како стабилизатор, монетарната унија сама не може да нè заштити од ерупциите како оваа на светската финансиска криза, чиишто причини покрај недостигот од надзор и контрола лежат во повеќегодишното погрешно макроекономско однесување на САД и на голем дел од азијатскиот свет. Таа може и мора да ни помогне повторно да го најдеме патот кон стабилноста и порастот во Европа.

**Abstract**

On the 10th anniversary of the introduction of the Euro the author, after a short historical survey of the event, gives a summary of the influence of the Euro on the economies of member states. It not only strengthened the stability of the Euro, but it also raised the economic integration in the Euro zone to a higher level. On the international level, too, today the Euro is recognized as one of the most stable major currencies. It should also be noted that the main reasons of the current financial and economic crisis should not be sought in the Euro zone. However, in the containment of the current crisis of liquidity and confidence the Central European Bank demonstrated, and rightfully so, that as an institution, it is fully competent to make decisions and act. Now, it is EMU’s turn to help us find again the path to stability and growth in Europe.

# Многу врева за ништо?
## За стравот од глобалната конкуренција

Норберт Бертхолд

Се појави дух во богатите земји, духот на глобализацијата. Поотворените пазари им всадуваат на луѓето страв и ужас. Глобализацијата за многумина претставува корен на сите економски зла: масовна невработеност, мал економски пораст, нееднакво распределени приходи и богатство. Помалите богати земји, во секој случај, помалку се плашат од духот на глобализацијата од големите. Тие се залагаат за поотворени пазари со долготраен успех. Но, ширум светот приказните за духот на големите богати земји наидуваат на недоразбирање. Токму посиромашните земји се за поотворени пазари, како во Источна Европа така и во целиот свет. Глобализацијата за нив е олицетворение на надежта за повеќе вработеност, пораст и благосостојба за сите. Светот е поделен: на сиромашни, кои сакаат да одат нагоре и се за отворени пазари, и на богати, кои сè помалку сакаат да слушаат за глобализацијата, иако нивната благосостојба почива исто така на отворени пазари. Валтер Ратенау е целосно во право, дека стравот од конкуренцијата укажува на недостиг на идеи.

### Благосостојба и ангажман

На прв поглед е тешко разбирливо зошто има отпор кон глобализацијата од страна на богатите земји. Во крајна линија, луѓето во овие земји се тие кои долго време профитираат од отворените пазари ширум светот. Глобализацијата е игра на позитивни суми. Отворените пазари на стока и услуги ја интензивираат конкуренцијата. Претпријатијата се принудени да бидат активни и онаму каде што се подобри од останатите. Производството станува поефикасно, цените паѓаат, квалитетот на производите расте. На отворените пазари фактори на работата, капиталот и идеите стануваат меѓународно помобилни. Факторите на производство се употребуваат поефикасно. Националните седишта конкурираат посилно за меѓународно мобилните фактори. Посилната конкуренција на пазарите за добра и фактори е моторот за меѓународната поделба на работата. Иако економистите си противречат за многу работи, согласни се дека засилената меѓународна поделба на работата ја зголемува благосостојбата на сите земји учеснички. Тоа е најглавното и покрај привремените забелешки на споредни теми.

Дури на втор поглед станува јасно откаде доаѓа отпорот против отворените пазари ширум светот. Со глобализацијата земјите посилно се поврзуваат во меѓународната поделба на работата. Тоа ја забрзува промената

на структурата, процесот на креативното уништување започнува. Старото се уништува, новото се создава. Оваа промена е истовремено и шанса и ризик. Изворите на благосостојбата извираат посилно. Ризикот постои, бидејќи работата и капиталот побрзо стануваат вишок и мора да бидат насочени во нови, попродуктивни употреби. Овој процес не претставува задоволство за сите, има и добитници и губитници. Во богатите земји токму губитниците ја одредуваат насоката. Подобрата странска конкуренција испраќа цели бранши во странство на улица како губитници. Но, и во домашните бранши, кои и понатаму се меѓународно конкурентни, претпријатијата немаат гаранција дека ќе преживеат во присуство на посилна конкуренција. Гаснењето на старите претпријатија е дел од пазарната економија исто како и раѓањето на новите.

Промената на структурата се покажува на пазарите на работна сила како под лупа. Удвојување, одделување и регионална нееднаквост ја обележуваат сликата. Отворените пазари во светот имаат работна понуда повеќе од двојно. Капиталот во однос на работата е релативно во недостиг, каматите растат повеќе од платите. „Работно интензивните" степени на производство во земјата исчезнуваат, губитници се, пред сè, слабо квалификуваните. Претпријатијата откажуваат не само цели производства, туку сè почесто и поединечни работни чекори. Првата форма на откажување ги погодува, пред сè, „лошите" претпријатија и помалку квалификуваните работни сили. Во втората варијанта, работните чекори на целиот процес на производство се одделуваат независно од квалификацијата на работниците или од квалитетот на крајниот производ и се оптимираат ширум светот. Губитници не се само помалку квалификуваните. Тука спаѓаат сите оние чијашто работа станува дигитализирана и за која може да се тргува. Конечно, кај глобализацијата расте регионалната нееднаквост на пазарите на работна сила. Старите, централно регулирани институции на овие пазари не соодветствуваат со сè повеќе хетерогената реалност.

## Конвергенција и нееднаквост кај персоналот

Многумина ќе бидат изненадени, но глобализацијате е сè уште на почеток. Дури и земјите кои се силно интегрирани во светската економија се поблиску до автархијата отколку до израмнување на факторот цена. Тоа ќе се промени. Пред сè, информативната и комуникативната технологија ја движат глобализацијата напред. Влијанието на развојот на благосостојбата ќе биде големо и позитивно во светот. Овој тип на технички напредок е машина на благосостојба, затоа што тој како никој друг претходно ги отвора пазарите во светот. И покрај тоа, расположението е повеќе скептично, често пати дури и песимистично. На луѓето расположението, освен високите трошоци на индивидуалната промена, им го расипуваат и нејасните последици од поделбата. Денес е понејасно од кога и да е, кој припаѓа на победниците, кој на губитниците. Не е ни чудо што луѓето глобализацијата не ја пречекуваат со раширени раце. „Дистрибутивниот" отпор се храни од два из-

вора: дивергентниот развој помеѓу земјите, кој се очекува, и поголемата нееднаквост меѓу персоналот во самите земји.

Глобализацијата повторно ќе биде конфронтирана со прекорот дека од отворените пазари профитирале само богатите земји, додека посиромашните би биле конечно одделени од развојот на благосостојба. Погледот во реалноста покажува сосема поинаква слика. Отворените пазари во светот го забрзуваат процесот на надокнадување на посиромашните земји. Во периодот помеѓу 1980 и 2000 година приходите на државите се доближија меѓусебно. Пред сè, густо населените земји како Кина и Индија го забрзаа овој конвергентен процес. Глобалната нееднаквост на приходите стана помала, не поголема. И уште нешто покажуваат емпириските факти. Стапките на сиромаштија во светот се намалија. Секако дека овој позитивен резултат не важи за сите региони во светот. Додека стапките на сиромаштија во Латинска Америка стагнираа, во Африка дури и се покачија. Развојот покажува јасно едно: земјите што ги отвораат своите пазари имаат побрз раст од земјите кои ги затвораат. На ниво на држави ефикасноста и правдата не се ненадминливи спротивности.

Глобализацијата најостро се критикува затоа што богатите ги прави побогати, а сиромашните посиромашни. Во суштина, поделбата на приходите од средината на 80-тите години е речиси во сите богати земји нееднаква. Ова се однесува на функционалната поделба на приходите на работа и на капитал. Но, се однесува и на поделбата кај персоналот. Во земјите од Организацијата за економска соработка и развој, само во Ирска и во Шпанија од 1990 г. приходите за персоналот се рамномерни. Наспроти распостранетото мислење, глобализацијате е помалку суштинскиот злосторник отколку типот на техничкиот напредок. Тој претпочита реален и човечки капитал релативно за едноставна работа. Но, практиката покажува дека секаде каде што функционираат образовните системи и пазарите за работна сила се конкурентни, приходите се помалку нееднакво распределени. И уште нешто треба да се земе предвид: релативната сиромаштија се зголеми уште еднаш, но апсолутната во секој случај е намалена. Причината е јасна: приходите на врвот на поделбата побрзо пораснаа од оние на долниот крај.

## Против, со и за пазарот

Вистина е дека светот брзо се менува. Но, сè уште не е потребна нова економска политика. Тоа што беше добра економска политика во „стариот“ свет, ќе биде добра и во „новиот“. И во времето на глобализација важат трите правила за добра економска политика: не се однесувај протекционистички, засили ја способноста за прилагодување на пазарите, ублажи ја структурната промена. Политиката лесно паѓа во искушение да реагира протекционистички на отворените пазари. Но, ваквата стратегија против пазарот не е многу умна. Структурната промена не може да се сопре. Таа и не треба да биде сопрена. Промената е моторот на економската благосостојба. Оној што сепак ќе се обиде да го стори тоа, не ги помес-

тува само трошоците на прилагодувањето од денес за утре. Тој ја поскапува неизбежната структурна промена, затоа што ресурсите што се во недостиг ќе бидат користени за помалку продуктивни употреби. Одлучувачки е сепак: оној што ја задржува структурната промена, нема да ужива во добивките на меѓународната поделба на работата. Посебно Германија може многу да изгуби.

Разумна стратегија е да се засилат силите на пазарот и да се поттикнуваат способностите за подобро прилагодување на новите дадености. Поголема конкурентност е клучот за успех на овој пат. Пред сè, на пазарите на работна сила има уште многу нерешени работи. Времето на големите колективи помина. Тоа прави неопходно автономијата на тарифите да биде поконкурентна, да се продолжи со децентрализирана политика на плата и тарифи и повторно да има заложби за индивидуална слобода за договори. Овој пат може да биде успешен само ако се успее да се затворат каналите преку кои досега на тарифните партнери им успеваше работнополитичките товари преку системите на социјалното осигурување да им ги остават на идните генерации. Не може без реформа на социјалната држава. Таа мора да се концентрира на нејзината главна задача – социјално осигурување за невработените и борба против сиромаштијата, мора конечно да има приватизација во системите на социјално осигурување, конкуренцијата на полето на социјалата мора да се засили, а принципот на супсидијарност да стане практикувана реалност.

Не е доволно пазарите да бидат пофункционални. Покрај многуте победници, глобализацијата произведува и губитници. Еден пазарно-економски поредок ќе биде прифатен само ако губитниците не ги оставите на цедило. Да создадете работа за поконкурентни пазари на работна сила е важен пат, да се задржи по можност мала бројката на губитниците. Колку добро работодавците управуваат со структурната промена, зависи и од тоа, какви се нивните човечки ресурси што може да се употребат на пазарот.

Мора да се зголемат импулсите засилено да се инвестира во човечкиот капитал. Сигналите на цените на пазарот ја даваат вистинската насока. Контрапродуктивно е да се израмнат образовните премии со агресивни прераспределби. Нееднакво поделените приходи се корисни за да се организира ефективна помош за самопомош. И покрај овие активности има губитници на кои им е потребна општествена помош. Прераспределбата во нивна корист не е спорна. Во секој случај, таа треба да биде отпорна на импулси. Сумата за трансферот на средствата од програмата Харц 4 мора да биде пониска, одредбите пониски, а поделбата регионално подиференцирана.

Нема алтернатива за глобализацијата. И добро е што е така. Шансите ги надминуваат ризиците во секој поглед. Германија профитираше од тоа во изминатите децении. Тоа ќе биде можно и во иднина. Но, во овие времиња на брза структурна промена не се постапува секогаш „праведно". Би било глупаво и скапо на ветрот на промената да се дејствува протекционистички. Една стара кинеска поговорка се однесува токму на ова: „кога ветрот на промена-

та дува, едните градат ѕидови, а другите ветерници". Потребна е ефикасна помош за самопомош за засегнатите од промената. Притоа треба да ги заборавиме старите верувања. Корекцијата на „неправедните" поделби би требала да биде помалку за прераспределбата, а повеќе за пофункционалните пазари. Треба да се потсетиме на Лудвиг Ерхард, таткото на пазарното стопанство. За него пазарот беше социјален сам по себе, не требаше да се направи социјален. Повеќе конкуренција на пазарите на работна сила, капитал и образование, а не непредвидена прераспределба е заповедта во овој час.

**Abstract**

The author examines the challenges faced by the globalization and in his discussion of the fear from global competition he accentuates the risks and opportunities related to it.

He suggests that in the time of globalization three rules for good economic policy should be applied: do not behave in a protectionist manner, strengthen the capability of the adjustment of the markets, alleviate structural changes. That which is required is greater competition on the labour force market and in the domains of capital and education, not volatile redistribution.

# Односот меѓу новата етика на економијата и глобалната економија

Дејан Донев

Она со што денес се соочува секоја економија е прашањето каква економија им е потребна на општеството и на уредувањето за кое ги произведува условите на егзистенцијата. Но, проблемот да се дојде до одговор на ова прашање, без оглед на тоа на какво уредување му припаѓаат овие економии, е присуството на еден термин кој се заканува да стане баук за секоја и за секаков вид економија. Станува збор за „глобализацијата". Имено, се работи за тоа дека, во моментов, секоја економија, без оглед на степенот на нејзината развиеност, е исправена пред дилемата: дали и до кој степен ќе се приклони кон тенденцијата за глобализација на економијата или, пак, ќе се определи да ја задржи својата индивидуалност, т.е. ќе се определи да произведува водејќи сметка за условите во кои создава вредности.

Иако, претходново заклучување може да звучи како општо место, сепак не треба да се заборави дека токму истото заклучување (кога се зборува за економијата денес) ја изразува суштината на секоја економија, и тоа на два плана: едниот е политичката одреденост на истата, а вториот е нејзината етичка втемеленост.

Кога се говори за политичката определба на една економија, под истата се подразбира дали економијата, за која ќе се определи едно општество, ќе ѝ биде подредена на потребата на управувачкиот апарат да се одржи, или, пак, управувачкиот апарат ќе спроведува таква политика во економијата која првенствено ќе води сметка за интересите на општеството за кое се произведува.

Со последнава реченица се искажува и основната дилема на секое размислување за економијата – дали за неа ќе говориме и просудуваме врз база на степенот на нејзината етичка втемеленост или исклучиво врз основа на нејзината целисходност во задоволувањето на непосредните интереси на сопствениците на капиталот, но и на оние кои го создаваат. Ова пак – кога се говори или суди за една економија, за да се оцени дали истата е или не е во функција на општеството за кое произведува – укажува на еден дуалитет согласно кој секогаш мораат да се имаат на ум и етичките вредности врз кои се темели истата, но и за тоа колку таа (не) е во спротивност со универзалните етички вредности на сечие постоење, кои се обединуваат во синтагмата: „Не нарушување,

не загрозување на чие и да е темелно човеково право!".

Споменувајќи ги темелните човекови права, несомнено е дека едно од нив е и правото на човечки достоинствен и етички исполнет живот. Проблемот на остварување на ова право не е толку во вербалното негирање на истото (што и не ретко е присутно ако се суди според содржината на рекламните пораки), туку многу повеќе во чинот на остварување на истото, согласно кој постојат очигледни разлики во пристапот. Имено, не навлегувајќи во етичката проценка и оценка на развиените економии, карактеристично е што истите тие се оние кои се залагаат за глобализација на економијата, а еден од начините до истата е создавање на светски трговски организации каде што членките ќе мораат строго да се придржуваат до нејзините правила. Почитувањето или прекршувањето на тие правила не е толку проблематично, колку што е фактот дека правилата ги создадоа оние кои и ја устоличија Светската трговска организација, т.е. развиените западни економии. Споменувањето на развиените западни економии кои ги создадоа овие правилата е затоа што истите ги создадоа овие правилата само за да ги заштитат сопствените економии од меѓусебната конкуренција и можното уништување на една од друга.

И дотука воведувањето на строги правила на однесување на пазарите има своја и економска, а делумно и етичка оправданост. Но, кога во таа Светска трговска организација треба да членуваат и земји-економии кои се помалку развиени, а кои потекнуваат и се втемелуваат на поинакви култури и етички одредености, економската логичка оправданост, а со тоа и етичката веродостојност, се доведуваат до прашање. Имено, она што за една економија е оправдано во процесот на создавањето на егзистенциите, во друга економија-култура може да значи негирање на индивидуалните права на локалните заедници и култури на сопствена креативност и сопствено разрешување на производните процеси, поточно, создавање на таков тип на производство и производи кои нема да ги загрозуваат основните морални и етички вредности на таа заедница.

Претходниве констатации и напомени се во функција на акцентирање на основната моментална дилема на светот: глобализација ДА или НЕ!, а не за да се потенцира по не знам кој пат познатата владејачка разлика помеѓу економиите денес. Дилемата е повеќе од јасна: дали ќе одредуваме кој, каде и што ќе произведува, без оглед на условите во кои тоа го прави, или, пак, ќе се определиме за таков вид светска трговија и економија кои, водејќи сметка за глобализацијата како речиси незапирлив процес, ќе оставаат доволно простор за индивидуалните економии преку слободната размена-трговија да го задржат својот идентитет. Поставувањето на оваа дилема доаѓа оттаму што, ако внимателно се разгледаат и простудираат правилата на сите меѓународни трговски организации и комори, неизбежен е заклучокот дека тие можеби се направени со најдобра намера, но по теркот на индустриски развиените економии-земји, што, пак, имајќи ги предвид еколошките последици од истите за севкупната биомаса и биопотен-

цијалот од неа, несомнено го отвораат прашањето за нивната етичка втемеленост, што, впрочем, го покажаа и последната финансиска криза и моменталните лажирачки обиди за заздравеноста на економиите и пазарите ширум светот.

Токму ова што ни се случува во моментов ни дава за право да го отвориме прашањето за/на етичката втемеленост на „овие“ економии со цел да дојдеме до економии согласно кои нема повеќе да се поставува прашање колку истите се етички втемелени или еколошки одржливи, т.е. ДА или НЕ за слободна размена-трговија. Тоа значи да секоја економија се обиде, сходно на условите во кои ги создава основите на егзистенцијата, да изгради таков етички систем кој не ќе го загрозува повеќе биоидентитетот на членовите на општеството, со што едновремено ќе го укине и прашањето околу потребата од „светски полицаец“ на глобален план (сходно на американскиот пример на Big brother во светската економија). Се работи за економија која ќе создаде таков тип на однесување на светскиот пазар на кој секој ќе го најде своето место задоволувајќи еден дел од потребите на останатиот дел од пазарот. Со тоа не само што ќе се задржи идентитетот на секоја економија, сходно на културата на која ѝ припаѓа, туку во исто време ќе се намали и опасноста од понатамошното загрозување на биомасата и биопотенцијалот од неа, што, на крај, меѓу останатите придобивки ќе даде и позитивни резултати во однос на вистинското опоравување на пазарните економии после глобалната финансиска криза и моралната и етичката бизнис дезориентираност, за која се чини дека во форма на културна револуција уште пред 15-ина години го најави сценариото кое ни се случува сега.

Сето ова јасно укажува и на фактот дека, без промена на етичките принципи на владејачките економски системи, невозможна е каква и да е глобализација со позитивен предзнак, затоа што доколку тоа не се оствари, глобализацијата ќе значи само укинување на едни од страна на други – помоќни, каков што досега беше случајот со пазарното однесување на помоќните на светскиот пазар. Неменувањето на етичките принципи кои досега важеа, всушност значи и негирање на можноста за создавање на светска економија, затоа што таа е невозможна доколку не води сметка за разликите. Неводењето сметка за разликите, за жал, резултира и со она на што сите се жалиме – климатските промени, ефектот на стаклената градина, која ни се заканува да предизвика нов потоп, озонските дупки...

Со ова е јасно дека повеќе не ќе има потреба од дилемата: глобална, строго контролирана економија или слободна размена-трговија. Тоа е можно тогаш и само тогаш кога Светската трговска организација и Г-8 ќе се согласат дека е нивна одговорноста своите расположливи ресурси да им ги стават на располагање и на помалку развиените. Но, тоа да биде не преку системот на заштита на патентните права и нивно третирање само како уште еден нов можен пазар, туку како помош на секоја заедница согласно на потребите, да биде во состојба, водејќи сметка за глобалните економски услови, да произведува на начин кој нема да биде

во судир со истите. Но, едновремено тоа да биде и на начин кој ќе води сметка за потребата од развивање на таков вид економии и производства кои, токму поради својата приспособеност на потребите на локалните услови, ќе го задржат биодиверзитетот на планетава, а со самото тоа ќе им дадат простор и време, дури и на доминантно развиените економии, етички да созреат до свеста за сопствената одговорност.

Инсистирањето на одговорноста на „развиените" не е заради тоа што за понатамошните правци на развојот на светската економија дел од одговорноста не сносат и помалку развиените, туку затоа што нивната одговорност во моментов е поголема поради фактот што во нивните раце се главните полуги на механизмите за користењето на биоресурсите. Токму овој факт и ја нагласува нивната одговорност, не толку правна колку етичка. Инсистирањето на етичката одговорност е и оттаму што без неа, поточно, без свеста за одговорноста како етичка универзална вредност, не може да стане збор за создавање на такви економски односи во светот, а со самото тоа и политички, кои ќе овозможат универзално подигање на квалитетот на живеењето. Но, за да се овозможи такво квалитативно подигање на нивото на живеење, неопходно е токму поразвиените, инсистирајќи на глобализацијата, слободната размена-трговија да ја сфатат не како затворање на можните пазари, туку како простор преку кој нема да се врши толку трговија со производи колку што истата ќе биде сфатена како простор за размена на вредности, не само пазарни, туку етички. Впрочем, тоа е и еден од заклучоците и препораките „подразбрани меѓу редови" од Светскиот економски форум во Давос годинава.

За ова да се случи, да нагласам повторно, потребно е да се измени редоследот на етичките вредности токму на оние кои ги одредуваат правилата на светскиот пазар. Ова го потенцирам токму заради тоа што, не ретко, во име на глобализацијата, користејќи ги предностите на информатичката технологија и претворајќи го светот во глобално село, развиените економии нудат и наметнуваат производи кои првобитно биле создавани и наменети на сосема поинакви култури од оние на кои сега се пласираат. Ова се случува колку поради презаситеноста на сопствениот пазар толку поради потребата да се отвораат нови пазари, но ова уште повеќе е последица од економската нужност на развиените, заради потребата на капиталот да го експлоатира вложеното, да наметнува технологии и начини на производство кои ќе му го продолжат животот, не водејќи сметка за фактот дека токму тој извоз на застарени технологии и докажано еколошки неодржливи начини на производство и однесување, за последица имаат не само загрозување на културите и етиката во кои се извезува, туку и загрозување на темелните универзални етички вредности и нивно доведување во состојба на второстепени по важност, како што тоа американското и англиското производство и економии го покажаа пред година-две.

Токму ваквата загрозеност општествата на неразвиените економии не ретко ги доведува во ситуација, иако свесни за потребата од една универзална етички втемелена еко-

номија, да се однесуваат индивидуалистички-егоистички во напорот, не само да го задржат својот идентитет, туку и идентитетот на културите и општествата за кои произведуваат. Токму во оваа констатација се и причините за тоа што денес светот, наместо преку глобализацијата да оди кон обединување со една заедничка цел – создавање на таков тип на економија која, не загрозувајќи го биодиверзитетот на планетата, ќе го овозможи продолжувањето на видот и одржувањето на биомасата и биопотенцијалот од неа, таа се претвора во причина за судир и во причина за оневозможување на препознавањето и на универзалните етички вредности (независно од просторите на кои им се припаѓа), но уште повеќе во пречка кон нов вид економија.

* * *

Се работи, значи, за една глобална економија втемелена врз етички принципи чија цел ќе биде подигање на квалитетот на егзистенцијата до степен каде што секој учесник во глобалниот економски процес ќе биде свесен дека со секое поединечно постапување може да придонесе или не кон одржувањето на биомасата, нејзино делумно регенерирање, но уште повеќе кон овозможувањето на услови во кои ќе дојде до израз комплетниот биопотенцијал од истата.

Постојаното инсистирање на нужноста да секоја економија мора да води сметка и да биде одговорна за одржувањето на биомасата и биопотенцијалот од неа, не е заради тоа што денес е во мода да се дискутира за еколошката одржливост или неодржливост на една економија-производство, туку затоа што само со градењето на етичката свест за ваквата одговорност е можно создавање на таков вид економски односи во светот кои ќе се темелат на принципот на почитувањето на индивидуалитетот како темел на општоста, а не, како основа, глобализацијата да биде услов индивидуалитетот да ѝ се подредува.

Очигледно е дека без градење на економија која ќе биде етички втемелена не е можно да се дојде до ситуација во која слободната размена-трговија ќе биде локален начин на разрешување на специфично-локални потреби и проблеми, а, сходно на тоа, без таквата економија, пак, слободните размена и трговија не ќе можат да го дадат својот нужен придонес кон глобализацијата до која се доаѓа само преку почитувањето на индивидуалитетите. Тоа значи дека, за да се исклучи дилемата што претходно ја спомнав: глобална, строго контолирана економија или слободна трговија – нужно мора да се прифати дека глобализацијата е двосмерен процес во кој рамноправно треба да учествуваат и Северот и Југот. Северот мора да го преземе својот дел од одговорноста за стаклената градина и за последиците од неа до сега, а Југот за истата и за во иднина.

Преведено на јазикот на дневните збиднувања, тоа значи дека проблемите на овој план, кои во голема мерка се и причината зошто постои судирот на релација глобализација – слободна трговија, не можат да се разрешуваат со одредувањето на процентот кој колку може да произведува одреден производ, туку мора да се разрешуваат така што ќе се води сметка и за локалниот и за гло-

балниот ефект, но ќе се води сметка и за резултатите од производството по БНП. Тоа значи, расправите дали една Индија може да има право 10% да го загадува воздухот или треба да добие 20%, а дека друга економија нема потреба повеќе од 1% да го намали тоа загадување, не треба да биде сведено на прашањето кој колку усти треба да нахрани, туку дали може да се најде таков тип на производство во одредени простори кој ќе овозможи хранење на истите без загадување и трговија со процентот на загадување.

Ова, пак, значи дека кај секоја од економиите, независно од степенот на развојот, треба да постои социјалната свест за сопствената етичка одговорност и за подготвеност за размена на вредности. Крајно време е да се почне со тоа да се договара во кој дел што ќе се произведува соодветно на еколошките услови, а не само врз база на потребата да се задржи пазарот и да се зголеми профитот, затоа што, неминовно, на тој начин повторно ќе се вратиме од онаму од кај и што го почнавме текстот: финансиската криза и крахот на етичкиот и на моралниот систем.

Заклучно, вистински етички втемелена економија, поточно, етички одговорна економија, е само онаа економија која своето постоење-произведување ќе го подреди на создавање на таков тип на производство кое нема да биде подредено само на еден тип на култура-етика, туку преку размената на вредностите – произведеното ќе биде основа за меѓусебно надополнување на економиите на секое општество. Ова, од своја страна, треба да биде предуслов за создавање на реално демократски и етички изградено општество во кое пазарната економија ќе биде само „слуга“ на потребата, не само да се одржи и сочува оваа планета, туку да се произведува и од произведеното да се вади профит кој ќе се инвестира во изнаоѓање на начини делумно да ѝсе врати она што ѝ го одземаме на природата. Во исто време тоа ќе биде и инвестирање во свеста дека, без оглед на богатствата, сите сме одговорни пред планетата, но најмногу во создавањето на таков тип на етика за која со право би можело да се каже дека е *етика* која прераснува во *биоетика,* преку биоетичката одговорност на секој учесник во економските процеси.

**Користена литература**

1. Singer, Peter. *Jedan svijet: Etika globalizacije.* Prev. Tomislav Janović, Željka Hrg Krpelnik i Krešimir Janović. Zagreb: Ibis grafika, 2005.

2. Shiva, Vandana. *Biopiratstvo: Kradja prirode i znanja.* Zagreb: DAF, 2006.

3. Radermacher, Franz Josef. *Ravnoteža ili razaranje: Eko-socijalno-tržišno gospodarstvo kao ključ svjetskog održljivog razvoja.* Prev. Ines Meštrović et al. Zagreb: Intercon – Nakladni zavod Globus, 2003.

4. Motik, Bruno & Dražen Šimleša. *Zeleni alati za održivu revoluciju.* Zagreb: Što čitaš?, 2007.

5. Hosle, Vittorio. *Filozofija ekološke krize: Moskovska predavanja.* Zagreb: Matica Hrvatska, 1996.

6. Klose, Alfred. *Poduzetnička etika.* Zagreb: Školska knjiga, 1996.

7. Damjanović, Mijat. *Menadžerska revolucija.* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, 1990.

8. Karpati, Tibor. *Etika i gospodarstvo.* Osijek: Ekonomski fakultet – Grafika, 2001.

9. Lokin, Branimir. *Pristup koncepciji dugoročnog razvoja.* Zagreb: Naprijed, 1979.

10. Chryssides, George and John Kaler. *Essentials of business ethics.* London: McGraw-Hill Book Company, 1996.

11. Wisse, Richard. *Odgovornost u mijeni vremena.* Sarajevo: Svjetlost, 1988.

12. Gibbs, Robert. *Why Ethics? Signs of Responsibilities.* New Jersey: Princeton University Press, 2000.

**Abstract**

The collapse of the Socialist systems, as well as the models of state planned and self-governing economy opened once again the need for a re-evaluation and re-valuing of capitalism as an economic model, i.e., its valorization and validatio n through insisting on the external morality of its principles and practices.

Reviewing the issue of capital and the economies, we can ask ourselves why today in the world there is so much talk about globalization, what is that globalization like and where does the need for it come from?

*Firstly*, it can be concluded that we must watch over today's global economy and that there is a large number of various forms of practicing different capitalistic systems; an insight into their legislative can offer suggestions, different solutions and paths to their adaptation aimed at constantly increasing demands which become imperative, and that is that they *must become ethicized to a greater extent. Secondly*, regardless of the level of economic, social and psychological development of the participants in the economies, it is evident that globalization is a need, not as economy of various markets,

but as economy of mutual bargaining and of the mutual understanding that the market is the world. *Thirdly*, if we do not stop writing instructions and fail to take action in practice, then we are not going to reach our objective – yes to a global world, yes to the global economy!

Hence, the need for the upholding of the ethics of economy, i.e., for preventive economic ethics. For a successful long-term economical development and, in fact, regeneration of any economy, we need new appropriate ethical principles and assumptions. The new economic ethics does not play down the initiative and ability for economic activity, entrepreneurship and general rules for working as a process. Therefore, *the dilemma "either success or ethics" is not real*. *On the contrary, ethically strong and determined economic relations can only be built through successful long-term development.*

# Како македонската економија одговори на светската економска криза

Христина Рунчева

Светот се соочи со најголемиот предизвик на економски план после Големата депресија од триесеттите години на минатиот век. Економската криза, создадена во САД, изврши силен удар врз најголемите светски економии кои не останаа резистентни на нејзините негативни ефекти во финансискиот и реалниот сектор. Непредвидливоста на нејзиниот тек и развојот постави сериозни задачи пред врвните светски економисти, кои неуморно се соочуваат со секоја нејзина развојна фаза. Денес светските водечки економии, како САД, Велика Британија, Германија, Франција, прогласуваат крај на долгата и длабока рецесија која започна во декември 2007 година, но наспроти ова справувањето со последиците ќе биде долготраен и бавен процес. Одредени делови од економскиот систем се скршени и ќе биде потребен долг временски интервал да започнат нормално да функционираат.

Најновиот Светски економски преглед на Меѓународниот монетарен фонд[1] оценува дека светската економија излегува од економската криза порано од претпоставеното и проектира позитивен економски раст од 3.1% во наредната 2010 година, што претставува позитивен тренд во однос на 2009 година, кога се бележи негативен економски раст од -1.1%. Позитивниот развој на економиите на Индија, Кина и другите азиски земји директно влијае на закрепнувањето на економиите во развој кои се понапред на патот до економска стабилност. Сепак, како што предочува главниот економист на ММФ, Оливие Бланшард, подобрените бројки не смеат да ги залажуваат владите дека тие значат крај на економската криза. Затоа е неопходно земјите да ги координираат своите економски стратегии, со цел закрепнувањето да продолжи.[2]

Најголемата светска економската криза, иако креирана однадвор, свој одраз бележи и врз македонската економија. Речиси е невозможно да се остане настрана од ударот на глобалните економски текови кои оставија последици врз македонското стопанство и економијата. Пред сѐ, тоа се должи на зависноста на малата и отворена македонска економија од побарувачката на производи во земјите-членки на Европската Унија, која значително се намали заради економската криза. Намалениот извоз на домашни производи најмногу ги погоди металната и тек-

[1] World Economic Outlook – Sustaining the Recovery, October 2009. http://www.imf.org/external/pubs/ft/weo/2009/02/pdf/c1.pdf

[2] http://www.imf.org/external/pubs/ft/survey/so/2009/res100109a.htm

стилната индустрија. Колку побрзо излезат од рецесија земјите со кои е поврзан извозот на производи од Република Македонија, тоа ќе значи и подобрување на економската клима и во нашата земја. Но, зависноста од нашите трговски партнери и од начинот на кои тие се справуваат со ефектите на економската криза ја доведува земјата во позиција на зависност од очекувања и проекции, но не и во позиција на активно справување и ублажување на последиците од кризата.

Во таа насока, Република Македонија делуваше и презеде серија мерки и активности да се ублажат ефектите на светската економска криза, да се намали ударот и да се одговори на сериозните предизвици пред кои се најдоа исправени и најголемите светски економии. Република Македонија ја почувствува светската економска криза преку последиците врз трите клучни сегменти на македонската економија: извозот, приливот на странски средства во земјата и странските директни инвестиции.

Главен индикатор за промените кои настанаа како резулатат на економската криза е економскиот раст на земјата. Забележаниот раст на БДП во првите три тримесечја во 2008 година од просечно 6%, се намали на 2% во последниот квартал, што само по себе укажа на почетокот на влијанието на кризата врз нашата економија. Тенденцијата на намалување на економскиот раст продолжи и во текот на 2009 година, па вториот квартал од 2009 година Република Македонија го заврши со -1.4 БДП.[3] Сепак бројките, кои се најрелевантен показател, укажуваат дека забавувањето на економската активност на Република Македонија е значително помало во споредба со земјите во Европа и регионот. Ударот е присутен и кај нас, но амортизиран со серија антикризни мерки кои ги понуди Владата. Само за споредба, двоцифрено намалување на економската активност бележат Турција, Украина, Естонија, Литванија, а на врвот на оваа листа е Латвија каде негативниот економски раст изнесува 18.7% во вториот квартал од 2009 година. Генерална е проекцијата на забавена економска активност кај сите најголеми економии на Европската Унија, но силно се погодени и земјите од регионот. Меѓу поголемите трговски партнери на Република Македонија, Германија беше погодена со 7.1 негативен раст, а уште повеќе Словенија која и покрај пакетите антикризни мерки со кои директно се субвенционираа фирмите забележа пад од 9.3%.

Фактот што се силно погодени економиите на нашите најголеми трговски партнери, се одрази врз намалување на производството во извозно ориентираните индустрии, какви што се металната и текстилната, чиј извоз започна да опаѓа кон крајот на 2008 година. Само за споредба, падот на индустриското производство во првите шест месеци од годинава изнесуваше над 20% во седум земји од Европската Унија, меѓу кои и Германија, Италија, Словенија, Унгарија и Словачка, а на европско ниво просекот изнесуваше 17.3%. После импликациите врз економскиот раст, ударот врз индустриското производство зададен од намалената екстерна побарувачка претставу-

[3] Државен завод за статистика, 18.09.2009 година. http://www.stat.gov.mk/pdf/2009/3.1.9.05.pdf

ва втор сегмент во кој се почувствува економската криза во земјата. Падот од 13% на индустриското производство во Република Македонија најмногу ги погоди извозно ориентираните стопански субјекти за кои ваквата состојба значеше нов предизвик со кој се соочија – како да се зачуваат работните места за стотици вработени лица. На овој план, беа преземени серија мерки со цел да се ублажат последиците врз фирмите и да се подобри нивната финансиска кондиција.

Беа воведени олеснувања кај данокот на добивка, по примерот на Естонскиот модел, со што фирмите се стекнаа со право да ги искористат заштедените средства за одржување ликвидност, исплата на плати и задржување на вработените во време на намален извоз. Меѓу другите мерки беа намалувањето на царините и социјалните придонеси, воведени повторно со истата и единствена цел – справување со економската криза со што помали последици врз економскиот стандард на граѓаните, одржување на макроекономската стабилност и стабилноста на девизниот курс.

Со посредство на меѓународните финансиски институции беа обезбедени 100 милиони евра заради одобрување кредити под исклучително поволни услови за малите и средните претпријатија. Значењето на оваа мерка е разбирливо ако се има предвид фактот што речиси 99% од претпријатијата во земјата се регистрирани како мали и средни, а во нив се вработени околу 55% од вработените во приватниот сектор.

Во рамките на овој владин пакет беа преземени и мерки за поддршка на претпријатија со наследени и долгогодишни ликвидносни проблеми и наталожени долгови кон државата заради лошата приватизација во раните 90-ти години. Овие мерки се во насока на решавање на проблемот на хронична презадолженост на овие наши фирми преку отпишување на собраните неисплатени камати на даноци и придонеси, но и трансформација на даночните долгови на поранешни државни претпријатија во траен влог, односно во државни акции.

Финансискиот ефект од наведените антикризни мерки изнесува 330 милиони евра, од кои Владата се откажа со цел да му помогне на македонското стопанство. Овој пакет мерки успеа да ги амортизира драстичните последици со кои се соочуваа најголемиот број европски економии, какви што се екстремно високите бројки на невработеност, силен пад на БДП итн. Првиот пакет антикризни мерки сепак беше недоволен за да се справи со глобално забавената економска активност.

Како втор одговор на економската криза беше вториот пакет владини мерки со кој беше предвидена инвестиционата програма за изградба на регионални, магситрални, но и локални патни правци низ земјата во функција на обезбедување соодветна патна мрежа. Функционалноста на проектот е несомнена и повеќекратна – ќе се обезбеди соодветна патна инфраструктура која со години наназад создава пречки при поврзувањето на различни региони од земјата, а истовремено тоа ќе значи инвестиција со која ќе се даде финансиска инјекција на македонските компании за изградба на патишта

и патна инфраструктура. Заокружувањето на овој инвестициски циклус претставува следната фаза, а тоа е издавањето под концесија на автопатиштата во земјата, со што ќе се обезбедат дополнителни средства за буџетот.

Дополнително, беше креирана мерка која ги намали даночните приходи за 1-2% БДП, но беше во функција на стопанствениците кои беа изземени од оданочување на профитот за повторно инвестираната заработувачка. Тоа значи дека реинвестирањето на остварената добивка се поттикнува со цел средствата да се задржат на домашниот пазар и да се подобри ликвидноста на домашните стопанственици.

Антикризните мерки беа заокружени со прилагодување на државните трошоци кон актуелната економска состојба и намалувањето на непродуктивните буџетски расходи во два наврати, преку ребаланс на државниот буџет.

Доколку пристапиме кон анализа на ефектите на кризата кои го погодија пазарот на труд, односно стапката на невработеност, несомнена е констатацијата за масовен тренд на зголемување на бројот на лица кои останаа без работа на ниво на ЕУ како резултат на кризата. Република Македонија се наоѓа високо на европската листа според стапката на невработеност, но стапката на невработеност во земјата во првиот квартал од 2009 година изнесуваше 32.7%, што е најниско ниво во споредба со изминатите десетина години, ако се има предвид дека во 1998 година стапката на невработеност изнесуваше околу 40%, а во 2006 изнесуваше 36%. За разлика од константно високата стапка на невработеност во Република Македонија, која континуирано е присутна во изминатите петнаесетина години, на европско ниво Литванија, Естонија, Словачка, Турција, Словенија, бележат висок тренд на зголемување. Интензивните интервенциски мерки и политики сепак успеаја да превенираат натамошен раст на невработеноста во Република Македонија, иако справувањето со овие високи стапки на невработеност останува еден од најголемите предизвици за владејачката гарнитура.

Фискалната политика е онаа која треба да обезбеди економско заживување и зголемена економска активност. Изнесените мерки се во насока на фискални стимули за македонската економија. За нивната оправданост и оправданоста на различно формулираните пакети на антикризни мерки (често и непопуларни во многу земји) секогаш останува простор за опсежна дебата. Фискалната експанзија на краток рок испорачува резултати во делот на раст на производството и одржливост на стапката на вработеност. Тоа е добро сè додека фискалните стимули заедно со јавниот долг се движат во ограничени рамки. Во спротивно, може да се предизвика контрапродуктивен ефект.

Европската банка за обнова и развој при последните анализи оценува дека бизнис климата во Република Македонија се подобрува, економијата е на добар пат да закрепне наредната 2010 година, иако процесот ќе биде бавен. Фокусирањето на инвестиции во енергетиката и инфра-

структурата претставува добар начин за помош за излез од кризата. Република Македонија нуди серија поволности за потенцијалните инвеститори, кои, за жал, во голем дел се неискористени заради фактот што и најмоќните и најреномираните светски компании попуштија пред ударот на кризата. Тие не само што ги намалија и замрзнаа своите инвестиции туку добар дел од нив единствениот излез за сопствената одржливост на пазарот го оствbooking со директна државна помош. Кризата ќе остави длабоки лузни во економските системи на многу земји. Експертите предвидуваат дека како резултат на кризата ќе се промени структурата на целокупната светска побарувачка, но и истиснувањето на развиените потрошувачки економии од оние на земјите во развој, ќе влијае на целосна промена на глобалната структура на производството.

Сепак и во услови на економска криза Република Македонија успеа да се најде на третото место во светот како најдобар реформатор во подобрувањето на бизнис климата според извештајот на Светска банка „Doing Business“ за оваа година. Со тоа, Република Македонија е лидер во регионот на ЈИЕ во направениот прогрес во повеќе области кои се земени како индикатори при оценувањето, како што се условите за започнување бизнис, добивање лиценци и дозволи, заштита на инвеститорите, пристап до кредити, плаќање даноци, регистрирање имот итн.

Оцените од меѓународната заедница за начинот на кој земјата се справува со економската криза се охрабрувачки, но истовремено со доза на поттик за натамошни реформи. Во услови на криза, земјата ја сочува макроекономската стабилност, стабилноста на девизниот курс и избегна несакана девалвација. Во една прилика Високиот претставник за надворешна и безбедносна политика на Европската Унија, г. Солана истакна: „Македонија интелигентно се справува со економската криза. Макроекономските статистики сè уште покажуваат раст и треба да сте задоволни од начинот на којшто се справувате во овие комплицирани времиња.“. Крајот на кризата не значи и излез од неа без посериозни структурни промени. Затоа неопходно е економијата да биде подготвена за да може што побрзо да се справи со последиците и да го врати економскиот раст. Ова е голем предизвик, но истовремено и единствен, без оглед на тоа дали станува збор за мали економии и економии во развој или големи светски економски сили бидејќи сите се најдоа под ударот на најголемата светска економска криза и нејзините далекусежни импликации.

**Abstract**

The world has faced the greatest economic challenge after the Great Depression from the 1930s. Although created in the USA, the financial crisis has had a worldwide impact over the most powerful economies that have suffered damage and collapsed. The Macedonian economy, which is small and open, felt the impact of the crisis because it is directly dependent on the export recipients from the European Union. All industrial sectors have suffered by the downturn in demand of the export oriented industries, but the worst affected were the steel and textile sectors in the country. The Government made attempts to protect the economy by announcing packages of measures intended to answer the challenge of the economic crisis. The article presents an overview of the measures undertaken by the Macedonian government and a comparative outlook expressed in numbers demonstrating how the EU member states deal with the crisis.

# Критика на пазарното стопанство?

Корделиус Илгман
Улрих ван Сунтум

## Финансиската криза од историска перспектива

Во екот на светската финансиска криза начелно се критикува либерализацијата на пазарите. Дали за погрешните развои на финансиските пазари треба да се оптовари пазарно-економскиот поредок? Како се претставува актуелната финансиска криза од историска перспектива?

Актуелната финансиска криза им даде нов поттик на критичарите на либерално-економскиот поредок. Се чини дека предупредувањата за премногу дерегулации и приватизација впечатливо се потврдија. Дури и економско-либералните коментатори, во меѓувреме, признаваат дека се претерало со слободната игра на пазарот. Тоа не е без последици за политиката. Приватното обезбедување за староста повторно е делумно неизвесно за сметка на пензијата, финансирана чисто од давачки. Државните интервенции во форма на минимални плати, субвенции за загрозените работни места и регулирање на повластиците за менаџерите и понатаму важат како потребни корективи на претераниот приватен стремеж за пари. Преземањето на банките од страна на државата стана реалност во многу земји во актуелната состојба на итност.

## Претходни кризи

По распаѓањето на социјализмот на почетокот на 90-тите години се чини дека тркалото на историјата повторно се врти кон економски поредок, посилно управуван од државата. Ова искуство во никој случај не е ново. Во 1947 Валтер Ојкен забележа: „токму американската и германската економска историја покажаа како, поради неуспех на слободната економија, се создаде тенденција за централно управувана економија“. Ојкен гледаше опасност за пазарното стопанство во недоволниот поредок на парите: „доколку овој дел од поредокот, валутата, не успее, ќе се провоцира економско управување во другите делови на економијата, кое ќе биде централно управувано“ (Валтер Ојкен, *Зошто е потребна национална економија?,* цитирано според 4-то издание, Диселдорф и Минхен, 1961, стр. 60).

Распадот на американскиот пазар на недвижнини во 2008 навистина доведе до една од најтешките кризи на светскиот финансиски систем по Втората светска војна. Секако дека

таа не беше првата од овој тип. На крајот на 80-тите години во Јапонија пукањето на претходното меурче на недвижнини доведе прво до крах на пазарот со акции, а потоа до долга депресија. Кратко пред тоа во Скандинавија имаше крах кај недвижнини и акциите. Во средината на 90-тите следеше финансиска криза во Југоисточна Азија. Во Шведска во 2003 дојде до следниот колапс на кредитниот систем, сличен на актуелната криза.

Од една подолга историска перспектива треба да се укаже на големата депресија на 30-тите години, која појдовна точка имаше во крахот на акциите во 1929, но тоа не беше единствената причина. И претходно историјата на финансиските пазари била историја на нивните кризи, долго пред воопшто да стане збор за капиталистички економски систем. Причинителите на овие кризи беа во секој случај различни, сепак, честопати финансиските иновации имаа одлучувачка улога. Појавата на менувачкото работење, порастот на банкнотите, појавата на акцијата и на другите финансиски иновации ги форсираа често и моќта за расудување на приватните актери и државните механизми на контрола. Соодветни ефекти на учење и мерки на претпазливост се спроведуваа дури после помалку или повеќе катастрофални кризи на финансиските пазари, кои постојано оставаа длабоки траги во реалната економија.

## Историски искуства

Пример за тоа е воведувањето на банкнотите во Франција од страна на шкотскиот финансиски жонглер Џон Ло на почетокот на 18 век. Почетниот економски привиден бум заврши после неколку години со целосен крах на финансискиот систем. Ло во 1716-тата, по налог на францускиот крал ја основаше првата акционерска банка во Франција, Банка „Ројал“. Таа издаваше свои банкноти наместо монети и на тој начин непосредно му служеше на државното финансирање. Притоа, Ло со друштвото Мисисипи основа акционерско друштво, кое требаше да ги зголеми наводните ризници на злато на француската колонија Луизијана. Акциите на друштвото наидоа на брз пласман и повторно беа плаќани со банкнотите на Банката „Ројал“. Шпекулацијата не ја креваше само цената на акциите, туку и обртот на количината на банкнотите. Системот почна да е нестабилен во 1720, кога почнаа да растат цените на стоката и луѓето се обидуваа своите акции и банкноти да ги заменат за реални вредности, какви што се недвижнини или злато. На крајот на општата паника на продажба, и банкнотите и акциите на друштвото Мисисипи беа безвредни, францускиот финансиски систем беше руиниран. Ло мораше да избега за Италија каде што почина во сиромаштија во 1729 г.

Уште еден понов пример за опасностите на новите инструменти на финансирање беше таканареченото „лудило по лалиња“ во Холандија на почетокот на 17 век. Откако лалињата во почетокот беа скапо хоби на богатите Холанѓани, новите засади доведоа до поширока афирмација и голема трговија. Од 1630-тата почнаа да растат цените на лалиња-

та и наскоро едноставните луѓе можеа да заработат повеќе пари со неколку засади лалиња отколку со нивната вистинска професија. На врвот на бранот на шпекулација, 1636/37 тројно се зголеми цената на некои сорти лалиња само за една недела. Најпознатата од нив, семпер аугустус, постигна цена која соодветствуваше на пола приход за живот на едно просечно семејство.

Интересно е што шпекулацијата уште тогаш беше водена од многу модерни финансиски иновации. На тој начин настана таканаречената трговија во ветер, кај која наместо конкретни производи се продаваа правата за лалињата, кои сè уште се наоѓаа во земја (или во фантазијата на продавачот). Овие права често мораа да бидат однапред платени со десет проценти и на тој начин добиваа карактер на високо рискантни зделки поврзани со термин: во случај на удвојување на цената на лалето, па со предавањето десеткратно се зголемуваше влогот на сопствениот капитал. Доколку се намалеше цената на лалето, за вложен капитал од еден гулден имаше загуба од пет гулдени. Овие поранешни практики на финансирање соодветствуваат во принцип со денешните финансиски деривати, и тогаш како и денес ефектите на хебла по пукањето на балонот водеа до моментална руина на оние кои шпекулирале со неа. На крајот, голем број мали занаетчии го изгубија сиот свој имот, имајќи толку високи долгови што не можеа да се вратат во старата професија. Последиците за реалната економија беа катастрофални.

## Слободен тек или ограничување

Овие историски искуства им биле добро познати на класичните претставници на науката за слободна трговија. Адам Смит пишува на многу страници за опасностите од менувањето и за екцесите во шкотското банкарство, при што тој банките ги гледа повеќе како жртви отколку како иницијатори на претерувањата: „политиката на банката е секогаш изложена на опасности, кои потекнуваат од неспособноста на сопствениците на банкнотите, нејзе ѝ се закануваат и други неприлики, од кои не може да ја заштити никој паметен и искусен банкар". Адам Смит никогаш не застапувал чист слободен тек во банкарството, како и повеќето либерални економисти. Смит се залагаше за, од денешна перспектива многу умерено, ограничување на дозволените банкарски бизниси. Многу е важно неговото објаснување: „Би можело да се забележи дека ова е груба повреда на личната слобода, но само ако малкумина, применувајќи го ова природно право, може да ја загрозат безбедноста на целата земја, секоја влада, и најлибералната и најдиктаторската, го ограничува ова право и тоа целосно со право. И прописот за градење на заеднички ѕид за заштита од пожар, со цел да се спречи преминување на пожарот, ја ограничува личната слобода на ист начин како и овде предложениот закон за банки." (Адам Смит, *Благосостојба на нациите,* издавање по 5. издание, Лондон, 1789, Минхен, 1978, страна 265).

Постоеше и мислење од таканаречените банкинг-теоретичари дека

згрижување со ликвидност на економијата би се регулирало повеќе или помалку автоматски. На крајот се наметнаа претставниците на Currency-школата, кои сметаа дека е неопходно строго државно ограничување на снабдувањето со ликвидност. Овој став доминира до денес, токму меѓу пазарно-либералните автори. „Чикаго планот“, застапуван од Хенри Симонс и Милтон Фридман, предложи првенствено стопроцентно резервно држење на банкарскиот сектор, за да се отстрани неговиот простор за црпење пари.

Неолибералите околу Валтер Ојкен беа апсолутно против слободен тек во областа на парите, тие формулираа строг регулатор од конституирачки и регулирачки принципи на пазарната економија. Нивните сознанија денес се исмеваат како „идеолошко базирани размислувања за плаузибилитетот“. Актуелната финансиска криза може да се сведе на повредата на важните неолиберални принципи, особено на принципот на стабилност на вредноста на парите и на принципот на одговорност.

Суштинско за неолибералното мислење е начелото на стабилност на вредноста на парите, при што функцијата на црпење пари на банката се идентификува како суштински проблем. Алфред Милер-Армак пишува: „банките, во обидот да го прошират својот обрт, тежнеат кон експанзија на кредитите, чијшто поттик е намалување на каматите под понудениот износ добиен преку снабдување на една национална економија со реален капитал“ (Алфред Милер-Армак, *Насочување на економијата и пазарното стопанство,* Минхен, 1990, стр. 112). Валтер Ојкен констатира: „снабдувањето со пари (во 19-тиот век) е зависно од дотичната ликвидност и подготвеност за давање кредити на банките, како и од побарувачката на кредити, значи, од склоноста за инвестиции на претприемачите“. Во оваа зависност на снабдувањето со пари од кредитните зделки на банките се наоѓа „суштинската причина за нестабилноста“ на парите.

Прашањето дали создавањето на парите би можело да се контролира преку (независна) централна банка, Ојкен го оценува скептично. „Државите имаат значителен интерес да ја притискаат каматата, за каматата на државниот долг да ја одржуваат ниска, т.е. курсот на државните хартии да биде висок. И тоа дури и тогаш кога би било потребно да се зголемат каматите за да избегне инфлација. Притоа и интересите на приватните корисници на кредити тежнеат кон експанзија на кредити. Државната управа (значи, централната банка) се чувствува дури и премногу во овој предлог. Најверојатно конкретна стабилност нема да се постигне.“ (Валтер Ојкен, *Основи на економската политика,* Тибинген, 1990, стр. 258, 263, 259).

## Нестабилна сума на пари

Посоодветен опис на проблематиката тешко може да се најде во актуелните публикации. Навистина, на почетокот на сегашната финансиска криза имаше масовно државно растегнување на парите, во чија основа имаше конјунктурно политички намери. Во ова не учествуваше само американската банка која издава банкноти, туку и Европската централна

Вишокот на пари во однос на реалниот БДП во Еврозоната и во САД

*(Index 1. Vj. 2000 = 100)*




банка. На тој начин, сумата на пари М3 во евро-зоната помеѓу првиот квартал во 2000 и вториот квартал во 2008 порасна за 89,7 проценти, додека реалниот БДП на евро-зоната истовремено порасна само за 15 проценти. Во САД, сумата на пари М2, која служеше како величина за управување, во истиот период се прошири на 64,8 проценти со пораст на БДП за 19,5%. Ако порастот на сумата на пари М3 во САД, само до првата половина на 2006, се спореди со тамошниот пораст на БДП, тогаш динамиката на растегнувањето на парите споредена со таа во евро-зоната беше исто толку голема (спореди ја графиката).

Чисто математички, вишокот на пари водеше до соодветно намалена брзина на протокот на парите, доколку истата не беше поништена со ратата на инфлација. Фактички, така се алиментираа цените на имотот во пораст и шпекулацијата на финансиските пазари. На графиката се гледа кумулираната разлика меѓу порастот на агрегатите на парите и порастот на сезонскиот, реален БДП. Од првиот квартал во 2000 до првиот квартал во 2006 година соодветниот пораст на вишок на парите М3 во евро-зоната изнесува 36,5%, а во САД 34 проценти.

Од неолиберална перспектива, стабилен поредок на пари е потребен не само за да овозможи глаток платен промет и да се заштитат заштедите. Поредокот треба да ги одржува во граници конјунктурните нестабилности, пред сè, и да ги спречи финансиските кризи од гореопишаниот тип. Не е случајно што либералните економисти, доколку се бавеле со теоријата на економската криза, суштинскиот причинител на економските пречки го гледаат во нестабилноста на монетарниот сектор. Ова важеше и за Ралф Хавтреу и за Милтон Фридман. Бидејќи авторите под влијание на Кејнс на овој аспект му посветуваат далеку помалку внима-

ние, би требало прво тие да се прекорат за слободниот тек во кредитниот сектор пред „неолибералите“.

Што се однесува до принципот на одговорност, за неолибералите важи следното начело: „Тој што има корист, мора да ја поднесе и штетата“. Одговорноста е јасно и строго опфатена: „Тој што е одговорен за плановите и постапките на претпријатијата (фирмите) и буџетите, тој одговара (принцип на одговорност)“ (Ојкен, 1990, стр. 279). Неолибералите мислеа, пред сè, на функцијата на управување со одговорноста. Според Ојкен постојат три конкретни задачи: селекција на рентабилните претпријатија и способните лица, отежнување на концентрацијата на претпријатијата и темелна алокација на капиталот.

Во ова модерно стопанство, окарактеризирано со анонимни друштва на капитал, прашањето за одговорност мора да се дополни со проблематиката за агенциите. Доколку агентот би имал неограничена одговорност, тогаш трошоците за сигнализација и контрола би отпаднале, бидејќи ризикот на сопственикот се однесува на целиот личен имот. Создавањето на акционерски друштва со повеќе сопственици би било тешко можно без ограничување на одговорноста. Додека денес речиси и да не се размислува за тоа, воведувањето на ограничувањето на одговорноста кај капиталистичките општества во 19-тиот век претставуваше контроверзна новина. За време на советувањата за првиот германски Закон за акции од 1843, министрите Милер и фон Алфенслебен се залагаа за задржување на личната одговорност на акционерите, сакајќи да ги заштитат верниците од акционерските друштва подготвени за ризик, бидејќи „токму во личната одговорност на учесниците лежи ефикасното средство за делување против склоноста кон игри со акциите и да им се даде повод на заинтересираните како што треба да размислат за претпријатијата“. Понатаму: „учесниците би сакале, од своја страна, преку соодветни упатства и контролирање на нивните претставници да се погрижат, истите да имаат обврски само во склоп на заедничкиот имот. Доколку би се надминале овие граници, тогаш учесниците би ги носеле последиците од погрешно управуваното претпријатие, а не да ги оставаат другите да ги отплаќаат грешките“ (*Мотиви за предлог за создавање на комисија,* цитирано според Теодор Баумс, Закон за акционерски друштва за кралските пруски држави, текстови и материјали, Штутгарт, 1981, стр. 67). Покрај заштита на верниците, стануваше збор, значи, за контрола на претседателството од страна на акционерите. Во суштина, формите на друштво со ограничена одговорност структурно се порасположени за ризик отколку друштвата на поединци, што во целост значи уште поголема нестабилност на економијата.

Ојкен не негираше дека под одредени околности е нужно ограничување на одговорноста во една економија со крајно комплексно поделена работа. Тој сепак, за да добие согласност за претерано разводнување на принципот на одговорност бараше: „во случај на поголемо учество треба да се предвиди одговорност на владејачкото капиталистичко општество и на владејачкото друштво на поеди-

нец или на владејачкото персонално општество за долговите на доминантното капиталистичко општество“ (Ојкен, 1990, стр. 283).

Овој аспект е многу важен за актуелната криза на финансискиот пазар. Ако банките кои даваат хипотеки при делењето кредити може во голем дел преку гаранции да се отргнат од барањата на одговорност, за нив постои поттик да го прошират одобрувањето на кредитот. Тоа, како во случајот на пазарот со недвижнини во САД, може да доведе до создавање празнина, сѐ додека инвеститорите се подготвени да ги прифаќаат гаранциите. Притоа, одговорноста не се губи, туку ги одминува инвеститорите. Комплексноста на ланците на кредити, настанати на овој начин, имплицира информативни асиметрии, функциите на одлучување и одговорност сѐ повеќе се оддалечуваат една од друга. Очигледно, во контекст на актуелната финансиска криза ниту инвеститорите, ниту банките, ниту агенциите за советување и службите за надзор не беа во состојба правилно да ги оценат ризиците. Само така можеше да се дојде до колективната понци шема, во која двоцифрените камати не само што беа реално направени туку и генерирани преку ново создавање на ликвидноста.

## Одговорност внатре

Покрај одговорноста на банките како институции, мора да се постави прашањето за одговорноста во внатрешниот однос. Поради проблематиката со агентот мора да се донесат мерки, за вработените менаџери навистина да мислат на доброто на претпријатието (а не само на своето). Најдоцна тогаш кога банкротот на некое претпријатие ќе има релевантни влијанија врз целата економија, запазувањето на овој принцип ќе биде работа на државата.

Досега многупати беше распространето мислењето дека менаџерите помалку сакаат да ризикуваат од сопствениците на капитал, затоа што нивното работно место е врзано со претпријатието и си играат со својата идна плата. Затоа треба да постои поттик за променлива структура на плаќањето, за претседателствата да станат порасположени за ризик, и така да се постигне склоноста кон ризик исто како кај сопствениците на капитал.

При тоа, малку се зема во обѕир дека менаџерот, во зависност од ситуацијата на пазарот на работна сила, може во секое време да најде ново работно место. Во тој случај, неговата одговорност би се ограничила само уште на евентуална негативна разлика на новото и старото плаќање. Треба да се постави прашањето дали заканата од отпуштање на оние кои многу заработуваат меѓу менаџерите воопшто би претставувала ефикасна санкција. Особено постарите претседателства, кои практично „се згрижени“, малку треба да стравуваат, особено, пак, ако добијат висока оштета.

Плаќањето ориентирано кон успех мора многу темелно да биде направено според аспектите на теоријата за агенции. Доколку тоа зависи од краткорочниот развој на претпријатието, тогаш им дава поттици на менаџерите, кои не се во служба на долгорочните интереси на сопствениците на капитал. И од аспект

на целата економија треба да се зборува за подолгорочен микс од уддели на плаќање, ориентирани кон успех и придонес, особено во една сензибилна област за националната економија, какво што е банкарството. Неолибералите и на ова поле биле пред своето време. Ојкен се залагаше за одговорност на претседателствата, секако, доколку може да делуваат и понатаму независно од акционерите. Нему му беше важна, главно, функцијата на управување на одговорноста: „(...), така одговорноста за успех поттикнува друга лична одговорност во водењето на економијата на претпријатијата. (...) Во едно акционерско друштво, во кое имотот на акционерите е поделен и во која претседателството е семоќно, тоа е одговорно.“ (Ојкен, 1990, стр. 284). Искуствата од финансиската криза покажуваат дека за ваквата одговорност на менаџерите во друштвата со повеќе сопственици и денес треба да се размисли.

Како резиме може да се констатираат две нешта. Прво, финансиските кризи од историска перспектива не се појави поврзани со пазарно-економскиот поредок. Тие најчесто се појавуваат како последица на финансиски иновации, чиишто негативни влијанија во почетокот не може да се опфатат непосредно еднострано и од постоечките одредби. Од друга страна, пак, актуелната криза настана токму од повреда на важни (неолиберални) пазарно-економски принципи. Функционални пазари на конкуренција може да постојат само ако е загарантирана стабилност на пазарот. Бидејќи случувањата на финансиските пазари влијаат на нивото на цената, и со тоа на механизмот на управување на пазарно-економскиот поредок, тие мора да бидат регулирани. Овие поврзаности беа многу јасно формулирани од страна на неолибералите токму во првата половина на минатиот век.

**Abstract**

In their brief historical survey, the authors suggest that financial crises, from a historical perspective, are not phenomena directly related to the system of market economy. They most often occur as consequences of financial innovations whose negative influence cannot, in the beginning, be contained immediately and unilaterally by the existing conditions. On the other hand, they claim that the current crisis occurred precisely because of the violation of important (neo-liberal) principles of market economy. Functional competitive markets can exist only if the stability of the market is guaranteed. In their opinion, since events on financial markets influence the price level and thus the mechanism of management of the market economic system, they must be regulated.

# Пазарните економии во криза – замена на доминантните макроекономски парадигми

Борче Треновски

## 1. Односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика

Судбината на големите идеи е најпрво да бидат отфрлени, прогласени како погрешни, а подоцна да бидат прифатени како очигледни и ни малку нови. Меѓутоа она што сега е очигледно, и што се нарекува здрав разум во економијата е напор на определен теоретичар во минатото. Економската наука има специфична природа: економските појави не се ни универзални ни предвидливи, економската реалност е комплексна, ограничена е можноста за употреба на експериментални методи, статистичките инструменти се слаба супституција за експериментот итн. Постојат низа економски феномени за кои не постојат задоволителни теоретски објаснувања. Има, исто така, бројни претпоставки и предвидувања кои воопшто не се тестирани. Специфичностите на економската наука, предизвикуваат проблеми во рамките на последната фаза од истражувачката процедура иманентна како за економската наука така и за науката воопшто – фазата на верификација на теоретските хипотези, односно нејзиното конфронтирање со фактите.

Кога се разработува односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика неизбежно е да ја спомнеме замената на парадигмите во економската наука,[1] бидејќи таа најнепосредно е поврзана со тој однос кој претставува нејзин крвоток и движечка сила. Низ конфронтацијата на економската теорија и економската практика (фактите во реалниот живот)[2] теоретските концепции ја докажуваат својата издржаност и научна заснованост.[3] Со цел подобро да разбереме како се менуваат парадигмите, како се развива економската наука и каде тука се вклопува односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика, на кратко ќе прикажеме некои од најпознатите т.н. *теории за акумулација на знаењата*.

---

1 За методите и концепциите за разбирање на начинот на кој се менуваат парадигмите во економијата и за начинот на развојот на економската наука пошироко види кај Snowdon, Vane and Wynarczyk (1994, стр. 20-25), Samuels, Biddle and Davis (2003 стр. 571-588), Davis, Marciano and Runde (2004, стр. 181-197), Стојков (2008, стр. 571-579) и Фити (2001, стр. 45-51).

2 Се разбира, не ја исклучуваме економската политика која претставува средство со кое економската теорија влијае на економската практика (економскиот живот).

3 При конфронтирањето со економската практика некои теории ќе бидат потврдени, некои оспорени и проблематизирани, а трети дури и отфрлени.

*Куновата* концепција за научни парадигми (револуционерен пристап) го толкува развојот на науката[4] како смена на една со друга научна парадигма, а самата смена се означува како научна револуција. Со текот на времето доаѓа до крупен расчекор меѓу владејачката научна парадигма (економска теорија, економска школа) и стварноста (економска практика, економски живот) и тогаш настанува криза во доменот на науката. Порано или подоцна, како предизвик на кризата, ќе се јави научна парадигма (економска теорија) која нуди нови излезни решенија и која претставува нова рамка за разбирање на економскиот живот (економска практика). Концепција на научноистражувачки програми на *Лакатош* кој тврди дека во сите програми постои еден помалку променлив дел, „тврдо јадро", и друг, променлив и приспособлив дел, наречен „заштитна обвивка". Според него, до замена на постојното „тврдо јадро" со ново ќе дојде тогаш кога постојното „тврдо јадро" ќе западне во криза и кога ќе се јават нови економски теории кои подобро ќе ја толкуваат стварноста (економскиот живот, економската практика). Суштината на *инкременталниот пристап* се состои во објаснување на развојот на економската мисла по пат на континуиран и бавен пораст на знаењата за економскиот живот. Според овој пристап, се тргнува од тоа дека се одвива еволуција на економската мисла без да настануваат позначајни дисконтинуитети и револуции.[5] Друг пристап кој е интересен да го спомнеме е *релативистичкиот пристап (респектирање на опкружувањето).* Овој пристап го објаснува развојот на економската мисла (смената на економските парадигми) со помош на општествено-економските услови (економската практика, економскиот живот) во кои настануваат одредени економски учења (економски теории).[6] Покрај овие, постојат и други пристапи кои, поради обемноста на материјата и ограничениот простор, нема да бидат спомнати и разработени.

Економската теорија претставува основа за формулирање на економската политика со која се влијае на економскиот живот (економската стварност, економската практика). Тоа е само едната страна на односите меѓу економската теорија, економската политика и економската практика. Од друга страна, економската стварност (економската практика) служи како основа и водач за модифицирање на одредени економски теории[7] или градење на нови теории кои ќе претставуваат посоодветна основа за формулирање на економската политика и унапредување на економската практика.

Иако на прв поглед овој однос изгледа едноставно, за да се навлезе подлабоко во суштината на истиот, треба да се разгледа посебно односот помеѓу два елемента, апстрахирајќи се од третиот. Во односот помеѓу *економската теорија и економската практика*[8] – врската е двонасоч-

---

[4] Се однесува и на економската наука.

[5] Според овој пристап, ваквиот развој на економската мисла (теорија) се споредува со тркалање на топка снег низ надолнина, при што топката постепено се зголемува (пошироко кај Blaug, 1999).

[6] Овој пристап е карактеристичен за институционалистите, претставниците на историската школа, марксистите и др.

7 Доколку економската политика, „натопена" во дадената теорија, не ги остварува своите цели и не соодветствува со економската практика.

8 Која е срцевината на овој однос, земајќи предвид дека

на: Од една страна, секоја економска теорија е конципирана согласно фактите и односите кои постојат во економската стварност, секоја теорија се труди што подобро да ги долови укажувањата и предизвиците што произлегуваат од економската практика и да ги компресира, изрази во една заокружена целина, која подоцна ќе биде основа за креирање економска политика.[9] Од друга страна, економската теорија има силно влијание врз економската практика (економската стварност).[10] Тоа се реализира сè додека економската теорија успешно ја толкува економската стварност и ги разрешува настанатите проблеми овој однос функционира беспрекорно. Во моментот кога ќе се јави јаз меѓу економската практика и економската теорија доаѓа време за ревидирање на теоријата или замена со нова. Односот меѓу *економската теорија и економската политика* е од специфична природа. Општо прифатено е стојалиштето дека економската теорија треба да нуди алтернативни решенија, а политиката да избира помеѓу повеќе такви и да се труди да ги спроведува, за што поднесува полна одговорност. Сè уште се актуелни доста цитираните Кејнзови зборови од завршниот дел на неговата *Општа теорија* дека идеите на некои големи економисти имаат поголемо влијание во донесувањето одлуки од страна на националните лидери одошто обично се мисли, односно дека секој лидер во помала или поголема мера е „роб“ на идеите на некој мртов економист. Секоја економска политика поаѓа од некоја економска теорија (или микс о д теории), но доследната примена на теориските модели (економските теории) во практика често се соочува со голем број проблеми (мешање на политиката, различни интереси, идеологии и др.).[11] Според тоа, се појавува потребата од прагматизам во водењето на економската политика и не ретко во определени периоди се донесуваат мерки кои се спротивни на доминантната економска теорија. Според тоа, економската политика не ѝ робува до крај на економската теорија. Од друга страна, успешноста на економска политика е причина за воздигнување или отфрлање на една економска теорија. Односот помеѓу *економската политика и економската практика* е сличен на оној што го имаат алатот и предметот кој се обработува. Економската политика е продолжена рака, „извршител – реализатор“ испратен од економската теорија да ги елиминира проблемите во економската практика (економскиот живот). Успешната економската политика е онаа која успешно ги исполнува своите цели и има поволно влијание врз економскиот живот. Доколку економската политика не може да понуди соодветно решение за проблемите во економската стварност се активира обратната врска, каде со ревидирање на економската теорија (или нејзина замена) се менува и економската политика – „алатот“ кој треба успешно да се

економската политика е посредник и алат на економската теорија.

9 Тука се апстрахираме од идеологизацијата и политизацијата кои имаат значајно влијание врз креирањето на економската теорија и наука (пошироко кај Фити, 1995).

10 Се разбира, преку мерките и инструментите на економската политика.

11 Ако земеме предвид дека секоја економија има различни економски проблеми и окружување, тешко би било да заклучиме дека која било теорија е клуч-калауз за успешна економска политика.

справи со предизвиците во економската стварност.

## 2. Промена на односот на силите меѓу доминантните макроекономски парадигми

Односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика треба да го имаме предвид при анализата на секое учење и при утврдување и анализирање на причините за практичната замена на парадигмите во современата макроекономија. Секогаш кога говориме за замената на парадигмите треба да го имаме предвид фактот дека замената на една со друга парадигма никогаш не значи комплетно елиминирање на заменетата парадигма. Напротив, станува збор само за нарушување на балансот на едната парадигма во корист на другата. На ова прашање треба да му се посвети посебно влијание, бидејќи на повидок е нова голема замена на парадигмите во макроекономијата (на доминантниот неолиберализам со неокејнзијанизам). За да може успешно да се разјасни овој феномен, кој е од исклучително занчење за разбирање на причините (условите) кои доведоа до денешната глобална економска криза, треба да се навратиме на она што се случувало на овој план од времето на настанувањето на современата макроекономија до денес.

Либерализмот, класичната школа и сл. се поими кои опфаќаат економска теорија и идеологија која успешно го толкуваше економскиот живот во текот на XVIII и почетокот на XIX век. Тие тргнуваа од индивидуализмот, економскиот либерализам, се залагаа за либерална економска политика и го идеализираа капитализмот. На нивна основа се креираше либерална економска политика (против мешањето на државата во економскиот живот, строга буџетска рамнотежа, без рестрикции во производството, продажбата, без царини и без какви било други ограничувања на профитот) која доста успешно ги решаваше проблемите во економската практика. Меѓутоа, очигледно нешто во таа врска не функционираше како што треба и во 1930–тите години доаѓа до голема дисторзија во економската практика – Големата депресија, која иницира потрага по нова економска теорија и политика која ќе биде во можност да ја толкува стварноста и да нуди решенија за проблемите во економскиот живот. Спасот го донесува Кејнз со теорија и политика која го предизвика либерализмот како најдобра дотогашна политика за капитализмот. Кејнз рече: „Неопходна е полна вработеност за да опстане и да се развива капитализмот, а тоа може да се постигне само ако владите и централните банки интервенираат за да ја зголемат вработеноста". Државната интервенција, која беше табу во либерализмот, стапи на сцена во функција на спас на капитализмот. Верувањето дека државата треба да обезбедува, чува и унапредува јавни добра беше широко прифатено – еден пример како овие идеи влијаеја претставува „New deal" на претседателот Рузвелт кој ја подобри положбата на многу луѓе. Новата врска која е воспоставена и која беше фундирана на кејнзијанска теорија и политика функционирала до 1970–тите години.

I II III

1800 год.>Либерализам <1930-тите.> Кензијанизам <1970-тите > Неолиберализам < 2000 год.> ?

<Големата депресија> <Стагфлација> <Светска финансиска криза>

Појавувањето на стагфлацијата (истовремено зголемување на инфлацијата и невработеноста), фискалната криза на државата, јавните сервиси, национализираните индустрии и бирократијата во економскиот живот одново беа предизвик за економската теорија и политика. Предизвикот и одговорноста ги презеде неолибералната теорија,[12] и се појавија низа економски школи (монетаризмот, новата класична макроекономија, теоријата на јавен избор, економијата на понудата). Тие го дадоа „вкусот“ на економската теорија, политика и практика во последните две – три децении.

Меѓутоа приказната не е завршена, во поновата историја потврда дека овој однос функционира ќе бараме во Светската економска криза која најпрвин направи промени и модификации во економската политика (поради начинот на кој се појави и се ширеше ја фати неподготвена економската теорија) и која очекуваме дека „уште еднаш“ ќе го затвори кругот со промени во економската теорија. Политиките и реформите зад кои стоеше доминантната економска теорија (неолибералната концепција), од една страна, беа директни причини за настанувањето и ширењето на финансиската криза, а, од друга страна, се покажаа нефункционални и не водеа кон смирување на кризата (слично на 30-тите години на минатиот век). Почна да се применуваат економски мерки кои не се својствени за економските школи од неолиберална провиниенција – национализација на финансиски институции и компании, протекционистички мерки, експанзивна фискална политика итн. Дали потресите во економската практика беа толку силни што, покрај промените во економската политика го нагризаа и „тврдото јадро“ на економската теорија, останува да се види.

## 3. Неолиберализмот – судбина на развиените пазарни економии

Појавувањето на стагфлацијата во текот на 70-тите години на минатиот век ги „разбуди духовите“ и повторно го оживеа економскиот либерализам. Со цел да се прави разлика помеѓу новиот либерализам и „стариот“ се употребува префиксот „нео“ и се добива терминот неолиберализам, поим кој ги обележа економската теорија, економската политика и економскиот живот на глобално ниво во последните две-три децении. Добро спакувани, модифицираните основи на оваа доктрина можат да се забележат во економската политика и реформите што ги проповедаат денешните институции (креирани од развиените пазарни економии) кои управуваат на глобално ниво и кои претставуваат продолжена рака на неолиберализмот (ММФ, СБ, СТО, Г 7 и др.).

[12] Која се заснова на постулатите на либерализмот – оттаму и називот неолиберализам.

Неолибералниот концепт е структуриран од неколку клучни елементи:

- *Дизајнирање и воспоставување на институции и практика заснована и раководена со посредство на пазарот;*
- *Поддржување на индивидуализмот преку пазарно однесување на припадниците на сите општествени слоеви;*
- „*Попазарување*" *на државата и меѓународните институции;*
- *Прогресивно укинување на ограничувањата во меѓународната размена и тековите на капиталот.*

Неолиберализмот како модерна реинкарнација на класичната економија (слободен пазар и слободна трговија) се појавува после Втората светска војна со делувањето на Фридрих фон Хајек и неговото друштво Монт Пелерин. После тоа, неолибералниот трофеј го преземаат Милтон Фридман и неговата чикашка економска школа (монетаризам). Неолиберализмот до 1970-тите бил присутен само во академските кругови, но после тоа се појавува во економската политика и во реалниот свет како одговор на големата криза во кејнзијанската економија. Влегувањето на неолиберализмот на светската сцена на голема врата се случило со победата на Маргарет Тачер на изборите во Велика Британија (1979) и со победата на Роналд Реган во САД (1981). „Тачеризмот" и „Регановиката" биле пакети на економски политики кои се засновале на неолиберални основи и кои значајно влијаеле врз обликувањето како на економската политика и практика во развиените економии така и на светската економска политика. После тоа влијанието на неолиберализмот се шири низ целиот свет, во ЗВР и земјите во транзиција преку програмите на ММФ и СБ, при што неолибералните реформи претставуваат услови за нивно кредитирање. Во прилог на ова неизбежно е да се спомне терминот „Вашингтонски консензус" искован од Џон Вилијамсон (1989), кој претставува стандарден пакет на неолиберални реформи за кои постои консензус во Вашингтон (развиените пазарни економии) наменет, пред сѐ, за ЗВР, а подоцна применет и во земјите во транзиција. Доктрината на неолиберализмот со договорот од Мастрих (1991) се институционализира и во ЕУ и тогаш настанува т.н. „Трет пат" т.е. навлегување на неолиберализмот во социјалдемократијата (Клинтон, Блер, Шредер и др.). Со тоа доаѓа до свртување на „левицата" кон десно и до исчезнување на вистинската опозиција на неолиберализмот (дотогашната „левица" се сведува на неолиберализам со човечко лице). Ова го објаснува фактот што на многу граѓани од западните економии (што е случај и кај нас) им се чини дека не постојат вистински разлики во економската политика која ја спроведуваат лево и десно ориентираните влади.

## 4. Реформулирање на доминантната неолиберална економска парадигма

Неолибералната доктрина застапува слободен саморегулирачки пазар и трговија како идеален начин за организирање на економијата. Во практиката потполна дерегулација не може да се спроведе, нео-

либералната доктрина скоро секогаш се применува само до определени граници, колку што дозволуваат објективните околности. Стана општо правило неолибералните реформи да се спроведуваат дискриминирачки, според интересите – едни правила за големите корпорации, други за обичните луѓе (социјализам за богатите, капитализам за сиромашните, што стана јасно во сегашната финансиска криза), едни правила за богатите и моќни земји, други за сиромашните и слаби земји, едни правила кога се оди по планот, а други кога ќе згусти (сведоци сме на национализации и државни интервенции во скоро сите пазарни економии погодени од финансиската криза, иако во времето кога нема кризи таквите мерки се анатема во неолибералната концепција) итн. Критиката на неолиберализмот и неговото посочување како предизвикувач на глобалната криза произлегува од неговите основни постулати: *Дерегулацијата* ги олеснува пазарните манипулации и шпекулации што може да доведе до криза каква што е сегашната, а се користи и како средство за намалување на работничките права и помагање на големите корпорации и бизнис елитите да ги зголемуваат профитите; *Либерализацијата* се користи за остварување на интересите на одделни земји (попрецизно, на нивните корпорации), а на штета на послабо развиените земји; *Приватизацијата* се користи како средство за богатење на поединци за сметка на целото општество (доволно е да се спомнат приватизациите спроведени кај нас во текот на 90-тите) како и за слабеење на националните економии (извлекување на големи профити од тие земји). Последица од неолиберализмот претставува и зголемувањето на нееднаквостите во општеството, тој им угодува на највисоките слоеви (малцинството), а на штета на мнозинството. Дека е така докажуваат бројни статистики – разликата помеѓу една петина најбогати и една петина најсиромашни во светот била во 1960: 30:1, 1990: 60:1, а 1997: 74:1. Во 1996 год. 358 најбогати луѓе имале еднаков имот како 45% најсиромашни (т.е. како 2,3 милијарди луѓе), а 1998 год. тројца најбогати имале повеќе имот од 600 милиони најсиромашни.

Меѓутоа, денешната светска економска криза ја отвори „пандорината кутија", го покажа вистинското лице на неолибералната доктрина и отпочна процес на нејзино реформулирање. Политиките и реформите зад кои стоеше неолиберализмот и кои го „дуваа балонот" последните неколку години, од една страна, беа директни причини за настанувањето и ширењето на финансиската (и, пошироко, економска) криза, а, од друга, истите се покажаа нефункционални и не водеа кон смирување на кризата (слично на 30-тите години на минатиот век). Банките и другите приватни компании во развиените земји се национализираа или во нив се вбризгуваа дополнителни државни средства, без практично никакви дополнителни услови. Се усвојуваат планови во кои голем дел од средствата се наменети за изведување на јавни работи, поддршка на погодените сектори (поттикнување на побарувачката). Еден дел од развиените земји посегнуваат и по протекционистички мерки со цел да ги заштитат и зајакнат сопствените економии. ММФ, од

политика фундирана на неолиберални основи (Вашингтонски консензус), со која ги спасуваше помалку развиените земји, почна да препорачува мерки како: вбризгување на свеж капитал во економијата, владите да интервенираат во секторите погодени од кризата, да се продолжи национализирањето на компаниите уништени од кризата итн. Почна нашироко да се повикува на доверба во системот и на потреба тој да се сочува. Лидерите на развиените земји отворено зборуваат за потребата од нов светски економски поредок, а дотогаш загрижените неолиберали признаваат дека до кризата дошло поради недостаток на регулација, што претставува табу во неолибералната идеологија. Според тоа, ако се гледа односот меѓу двете доминантни макроекономски парадигми, засенувањето на неолиберализмот изгледа многу сериозно – поради фактот што спасувањето на глобалната економија во најголем дел се базира на мерки од типично кејнзијанска природа – фискални пакети, јавни инвестиции, финансирање на инфраструктурни проекти, т.е. зголемување на буџетските дефицити, ново осмислување на државната регулација итн.

Редуцираното јадро на стандардната економска наука (во кое доминираа неолиберални елементи) предизвика занемарување на достигнувањата на другите концепции на економската наука. На тој начин, во изминатиот период се осиромашуваа сознанијата за економскиот живот и се стеснуваа можностите за креирање на успешна економска политика. Поради тоа дојде до криза во стандардната економската наука, исто како што се појави денешната економска криза на глобално ниво, што наметна потреба од реконструкција и проширување на спомнатото јадро. Се покажа дека кризата не може да се надмине само со респектирање на постулатите на неолиберализмот, туку е потребно и користење на мерки и инструменти и од други економски концепции – елементи од кејнзијанската економија; од институционалната, а посебно од новата институционална економија; елементи од новата економија и други елементи.

Дали ова претставува „тивка револуција“ и почеток на крајот на доминацијата на неолибералната концепција, дали неолиберализмот ги искористи сите свои адути (либерализација, дерегулација, приватизација и др.) и дали последиците од кризата се доволни да го нагризат „тврдото јадро“ на оваа теорија, политика и практика останува времето да покаже. Меѓутоа, едно е јасно, виновникот за економската криза на глобално ниво, кој многу економисти го заборавија или срамежливо го посочуваа, после оваа криза нема да биде единствен креатор на економската теорија, политика и практика на глобално ниво.

**Клучни зборови:** *глобална економска криза, замена на доминантните макроекономски парадигми, економска политика, неолиберализам и реконструкција на јадрото на стандардната економска наука*

**Користена литература**


1. Davis, J., Marciano, A. and Runde, J. (2004): *The Elgar Companion to Economics and Philosophy*, Cheltenham, UK and Northhampton, MA, USA, Edward Elgar Publishing Ltd

2. Фити, Т. (2001): *Современи макроекономски концепции и економските политики*, Економски факултет – Скопје

3. Фити, Т. (2009): *Феноменологија на економските кризи – Современите бизнис-циклуси и антицикличните политики*, Економски факултет – Скопје

4. Josifidis, K. (2004): *Neoliberalizam – sudbina ili izbor načina života (i) u tranziciji,* Privredna izgradnja, vol. 47, br. 1-2, str. 5-16, Ekonomski fakultet, Subotica

5. Mesarič, M. (2002): *Nobelovac Joseph Stiglitz: Kritika „tržišnog fundametalizma", globalizacije i politike MMF,* Ekonomski pregled, 53 (11-12) 1151 – 1182

6. Mudge, L. S. (2008): *What is neo-liberalism?,* Oxford University Press, Socio-Economic Review 6, 703 – 731

7. Naim, M. (2000): *Washigton Consensus or Washigton Confusion?,* Foreign Policy magazine

8. Петрески, Г. (2002): *Економски раст и развој: теории, модели и меѓународни искуства,* Економски факултет – Скопје, VIII, 856 стр.

9. Славевски, Т. (1989): *Современите економски школи во САД,* Комунист – Скопје

10. Snowdon, B., Vane, H. and Wynarczyk, P. (1994): *A modern guide to macroeconimics: An introduction to Competing Schools of Thought,* Cheltenham (UK), Edward Elgar Publishing Ltd

11. Samuels, W.J., Biddle, J. and Davis, J. (2003): *A companion to the history of economic thought,* Blackwell Publishing Ltd

12. Стојков, М. (2008): *Развој на економската мисла,* Економски факултет – Скопје

13. Стојков, М. (2008): *Потреба од реконструкција и проширувањена на јадрото на денешната стандардна економска наука,* Прилози посветени на академик Ксенте Богоев, XXXIX – 2, Оделение за општествени науки, МАНУ

14. Williamson, J. (2004): *A Short History of the Washington Consensus,* conference „From the Washington Consensus towards a new Global Governance", Barcelona

## Abstract

The contemporary global economic crisis has "stirred the waters" and made many people wonder what it represents, where it came from and where it leads us. In this paper we are going deeper, analyzing the shift in the dominant economic paradigms as the cause for a global economic crisis that began in developed market economies. The global economic crisis has changed the balance between the two dominant macroeconomic conceptions - Keynesian and neo-liberal, and created a need for the reconstruction of the core of the contemporary economic science, policy and practice. In the first part of the paper we analyze the relationship between economic theory, economic policy and economic practices in order to better understand the process of the changing balance between the dominant macroeconomic paradigms and the changes that are taking place in the economies affected by the crisis. The second part will explore the relation between the 1930s, 1970s and the contemporary economic crisis on the one hand, and the economic paradigms shift on the other. The third part of the paper will be focused on the neo-liberal economic paradigm which in the last two or three decades has dominated in economic theory, policy and practice and is one of the main causes for today's global economic crisis (starting from the concept and origins of neo-liberalism, its fundamentals, the Washington Consensus as a neo-liberal manifesto and the role of the neo-liberal conception in the financial crisis that has shaken the world). At the end, appropriate attention will be devoted to shaping the relationship between the dominant economic paradigms under the impact of the contemporary economic crisis, its implications on the economic policy and practice, the future of the standard economic science and similar issues.


**Key words:** *global economic crisis, shift in the dominant economic paradigms, economic policies, neo-liberalism, reconstructing the core of standard economic science*

# Валтер Ојкен – „Архитект“ на социјалната пазарна економија

Бојан Богевски

## 1. Животот и влијанието на Валтер Ојкен (1891-1950)

Валтер Ојкен е роден на 17 јануари 1891 година, во Јена, Тиринген. Син на познатиот филозоф и лауреат на Нобеловата награда Рудолф Ојкен и сликарката Ирене Ојкен. Идеите на својот татко, посебно неговата доктрина на „морален активизам“ евидентно влијаат врз неговата подоцнежна работа. Иако најпрвин заинтересиран за историја, Ојкен го пренасочува својот интерес кон економијата, правото и политичките науки. Студира во Кил, Бон и Јена. Дипломира на Универзитет во Бон во 1914 година, непосредно пред да ја облече воената униформа во Првата светска војна. Во 1921 година докторира на Универзитетот во Берлин, а шест години подоцна прифаќа професорско место на Алберт-Лудвиг универзитетот во Фрајбург, каде што останува до својата смрт.

Познат по својата храброст, Ојкен не се двоумеше да се спротистави на екстремниот нацизам во Германија. Член на познатото антинацистичко движење наречено Фрајбуршки бонхоефершки круг, тој дури и како универзитетски професор се обидува да создаде заеднички отпор на германските универзитети против Националниот социјализам. Сепак, во тој подвиг не успева, бидејќи ретко кој тогаш беше спремен да се спротистави на тогашната диктатура. Ојкен и самиот признава дека тој и неговите пријатели се немоќни да го спречат наци движењето. Сепак, борбата не беше залудна. На крајот од Втората светска војна, огромното знаење и искуство го привилегираа да биде еден од малиот број поединци кои беа способни да ја презентираат пазарната економија во тогашна Германија. Како директен резултат на неговите залагања, во 1948 година во Западна Германија успешно се спроведени валутната реформа и укинувањето на контролите на цените од страна на Лудвиг Ерхард и Вилхелм Ропке, преку кои се заузда хиперинфлацијата и се стави крај на економската депресија. Токму капиталното дело на Ојкен, „Основи на економијата“ беше посочувано од страна на претходно споменатите економисти како главна инфлуенца.

Валтер Ојкен, заедно со правниците Франц Бом (1895-1977) и Ханс Гросман-Доерт (1894-1944) е основач на Фрајбуршката економска школа наречена „Социјална пазарна економија“. Преку оваа школа тој го развива економскиот правец ордо-либерализам, еден вид германски неолиберализам. Уште тука, при креирањето на овој правец Ојкен настојува да ги вметне свои-

те христијански убедувања. Имено, „самиот збор ордо претставува делумна рефлексија на врската што тој се обидува да ја воспостави помеѓу христијанската социјална компонента и идејата за слободниот пазар“ (Viktor J. Vanberg). Сепак, најголемиот успех поврзан со неговото име е создавањето на социјалната пазарна економија. Иако денеска често може да се слушне дека Лудвиг Ерхард е создавач на овој економски модел, токму тој, Лудвиг Ерхард, често изјавувал дека Валтер Ојкен е најзаслужниот ум кој стои зад неговите политики. Ова признание од страна на Лудвиг Ерхард (министер за финансии во владата на Конрад Аденауер, а подоцна и канцелар на Западна Германија) доволно говори за значењето на Ојкен и за неговата улога при поствоеното издигнување на Германија.

## 2. Ордолиберализам

„Ордолиберализмот претставува економска школа чијашто главна премиса гласи – државата мора да му овозможи услови на слободниот пазар да ги достигне перформансите на својот теоретски потенцијал“ (H. Moeller, 1950). Правото и економијата за ордолибералите претставуваат главното оружје на државата со кое може да се исполни гореневедената цел. Овие две науки се преreквизит за тоа што тие го нарекуваат „Wirtschaftsverfassungspolitik“, односно „политика на која целта ѝ е подобрување на економијата во целина, на индиректен начин, преку реформирање на правилата на игра – наспроти економската политика која цели кон поефикасна економија преку директно замешување со специфични интервенции“ (Eucken, W., 1990). Есенцијата на доброто економско уредување мора да биде создавањето на услови според кои економските актери преку остварување на сопствените интереси би придонесувале за општиот интерес. „Со други зборови, Ојкен смета дека задача на Wirtschaftsverfassungspolitik е да создаде услови според кои „невидливата рака“ на Адам Смит ќе има шанса да си ја изврши својата работа“ (Viktor J. Vanberg).

За ордолибералите, најголемата закана за пазарната економија, но и за основната човекова слобода, е концентрацијата на преголема политичка и економска моќ. Ако државата не преземе соодветни мерки, тогаш концентрацијата на економска моќ може многу лесно да премине во политичка, а големата политичка моќ во погрешни раце може да ги поткопа доброто владеење и довербата во економскиот систем. Државата мора да ја превенира оваа појава. Таа треба да создаде политички систем кој е обврзан јасно да ги дефинира своите политики и да ја земе предвид интерзависноста на економскиот поредок со сите други општествени сфери. Ојкен смета дека ова би резултирало во двата највисоки државни политички принципи на економските политики. Прво, ќе се разводни државната или економската моќ на разни интересни групи кои целат кон организирање привилигирани картели – потребна е силна држава како регулатор на конкурентските односи. Но, Ојкен под силна држава не подразбира авторитативна држава со голема дискрециона моќ, кон која денес претендираат многу од владите,

посебно на земјите во Источна Европа. Сосема напротив. Силната држава мора да подлежи на уставна и законска контрола која ќе ја оневозможи државата да биде најголемиот „спонзор“ на одредени интересни групи. Ордолибералите во многу наврати јасно нагласуваат дека моќта на државата да привилегира одредени групи на граѓани мора да ѝ биде скратена. Според нив, слаба држава и политиката на Laissez-faire не е применлив модел кој кореспондира со реалните потреби на едно современо општество. И второ, Ојкен смета дека политичкиот поредок не смее да се земе како догма дадена еднаш засекогаш, туку како нешто што може и мора континуирано да се реформира (W. Eucken, 1950). Иако на Ојкен му е кристално јасно дека е скоро невозможно да се создаде политичко-правна рамка која ќе ги натера „обичните себични граѓани“ да го сторат она што е најдобро за сите, а не само за нивните егоистички нагони, сепак тоа не смее да ни послужи како оправдување за неуспешните политики.

Кога се говори за Ојкен и за ордолиберализмот, не смее да се изостават ниту неговата христијанска верба ниту, пак, неговото антинацистичко размислување. Самиот стил на ордолибералите секогаш реферира на нормативен концепт на реалност кој ќе биде интерпретиран согласно етичките основни принципи (Viktor. J. Vanberg). Токму тука на сцена настапува христијанската одлика. Во едно писмо на Ојкен до Александар Рустов во 1942 година, тој вели: „Не можам да живеам ниту да работам ако не би верувал дека Господ постои. Според мене, либерализмот не пропадна бидејќи имаше религиозни и метафизички подлоги. Баш напротив. Во моментот кога ги изгуби своите религиозни и метафизички подлоги, либерализмот пропадна – за ова постојат јасни историски и системски докази“. Од ова негово писмо може да се види каде Ојкен ги гледал латентните суштински проблеми на економските модели и од каде треба една современа и демократска држава да тргне за да ги реши истите. Од друга страна, пак, за ордолибералните антихитлеровски и антитоталитаристички ставови, за кои секој во тоа време беше изложен на несомнен ризик, доволно кажува колумната на Хенри Волиш (гувернер на Федералните резерви на САД 1974-1986), во која вели: „Во текот на нацистичкиот период, фрајбуршката школа претставуваше вид елитно интелектуално движење против Хитлер, за што беше потребна огромна индивидуална храброст како и умствена независност“.

## 3. Како Ојкен доаѓа до својата теорија на поредок

Научната работа на Ојкен е одговор на големите проблеми на неговото време. Тој својата дејност ја гради како алтернатива на програмата на германската историска школа, која Ојкен ја сметал како застарена школа која ја изгубила способноста да даде одговор на специфичните прашања на економската политика во рамките на поширокиот контекст на економската поставеност како целина. Со неговите две основни дела, *Основи на националната економија (*Grundlagen der Nationalökonomie) (1940) и *Принципите на економ-*

*ската политика* (Grundsätze der Wirtschaftspolitik) (1952), тој „развива систематски интегриран пристап кон економската теорија и политички го обликува социјално-економски-политичкиот поредок“ (Viktor J. Vanberg). Главната теза на Ојкен е дека економскиот систем не е независен од другите парцијали во една држава, туку напротив, е во огромна зависност, посебно од правните норми кои го регулираат. Според него, државата мора да создаде соодветна правна рамка за економијата и да одржува здрава конкуренција преку мерки кои нема да ги нарушат основните пазарни принципи. Во делото „*Основи на националната економија*“, тој одредува 7 конститутивни и 4 регулаторни принципи без кои е незамислива една одржлива пазарна економија. Тие принципи се: функционален ценовен систем, монетарна стабилност, отворен пазар, слобода на договарање, приватна сопственост, одговорност и активна анти-монополистичка политика. Ојкен тврди дека овие принципи се меѓусебно зависни и промената кај кој било од нив би можело да има ефект врз целокупниот економски систем. „Принципите се надополнуваат еден со друг, тие се комплементарни“ (W. Eucken in the Order of Political Portal). Овој феномен државата мора да го има предвид при креирањето на своите економски политики.

Во своите дела Валтер Ојкен предупредува дека пазарната економија без соодветна правна регулатива како главен контролор многу лесно може да се претвори во пазар кој има монополистички тенденции. Државата мора да води економски политики со кои ќе се овозможи слободен и фер пазар за секого, под еднакви услови. Но, при водењето на овие политики, таа никако не смее да ја изостави социјалната компонента од центарот на своето внимание. Ова сè со цел „да се постигне поголема пазарна ефикасност, но првенствено за да се намали сиромаштијата“ (W. Eucken, 1989). Уште тука може да се забележи дека идеите на Ојкен тежнееат кон социјалниот пазарен модел. Сепак, тој нагласува дека „државата е одговорна за дизајнот на економска политика, но не и за диригирање на економските процеси“. Државата мора енергично да ги запазува и штити независноста на пазарот и основниот принцип на недискриминација. Главниот фокус мора да биде ставен на квалитативниот аспект на државните активности кои се насочени кон градење стабилен економски поредок со почитување на основните принципи на слободниот пазар, а не на прашањето колку државата се меша во економијата (W. Eucken, Yearbook of ORDO). Токму во оваа насока, Ојкеновата парадигма на социјална пазарна економија ги овозможува рамките за функционален слободен пазар, кој не само што ќе биде катализатор на развојот и на напредокот, туку ќе ги осигура човековото достоинство и слободата. Ојкен акцентира дека, точно во моментот кога државата ќе ги пречекори своите параметри, индивидуалната слобода и слободниот пазар стануваат потенцијални жртви.

Карактеристично за Валтер Ојкен е и неговото отфрлање на начинот на размислувањето кој ги карактеризира тогашните економисти, но и голем број од денешните. Тој ги отфр-

ли теориските концепти на „социјализам“, „капитализам“ итн., „од причина што ваквите концепти не успеваат да ја доловат специфичната институционална рамка во дадената историска ситуација и причините зад индивидуалните човекови одлуки, кои се под силно влијание на таа рамка“ (Stephan Kuhnert, 2006). Како дополнение на ова, Валтер Ојкен категорично ги отфрла и одделните теории за различни економски сфери, бидејќи, според него, одделните теории не кореспондираат со реалноста и го губат од вид единството на економскиот живот. „Не треба да има независни теории во економијата, туку само еден проблем и една теорија“, вели тој во неговото дело „*Основи на националната економија*“. Според него и неговата теорија на поредок, мора да се погледне општеството во целина, со сите негови процеси и да се постави прашањето: Кој е поредокот или системот кој го поврзува целото општество? Тоа би било првото и есенцијалното прашање на кое мора да одговориме, бидејќи без ова сознание сè друго би било ирелевантно. Во делото „Основи на економија“ Ојкен наведува дека „без оглед дали тоа е економијата на антички Египет, или на класичниот Рим, или на средновековна Франција, или Германија, или на кое било друго место, секој економски план или економска акција на секој селанец, сопственик, трговец или занаетчија се одвива во рамките на економскиот поредок или систем, и може да се разбере само како дел од таа рамка“. Тој е категоричен кога тврди дека, за да се подобрат економската поставеност и благосостојбата на еден народ, мора да се променат правилата на игра, односно законите кои ја регулираат економијата, но и политичката платформа. Без јасна и стабилна политичка платформа е невозможно да се развие економски модел прифатлив за сите граѓани. Токму тоа претставува и развиената теориска и политичка парадигма на неговата Фрајбуршка школа. „Теоретската парадигма се базира на премисата дека соодветната анализа и објаснување на економскиот феномен мора да ја има предвид природата на економското уредување или „правилата на игра“ во една држава. Политичката парадигма, пак, се состои од тврдењето дека економската политика мора да бара континуирано подобрување на правилата на игра и на целокупната економија, сè со цел да се достигнат подобри и постабилни економски резултати“ (Sally, Razeen 1996). Тука не завршува економската мисла на Ојкен. Откога еднаш ќе се воспостави здрава, одржлива економија, таа мора да се обликува и одржува соодветно на настаните ситуации. Со ова Ојкен јасно прави дистинкција меѓу прашањето, како слободниот пазар функционира во дадени рамки, и суштинското прашање, како економската рамка е поставена и применувана.

## 4. Зошто денес Ојкен е значаен за економијата и за човековата слобода?

Делото на Ојкен претставува интелектуална основа за германскиот модел на „социјална пазарна економија“ и неговиот успех во последните 50-ина години. Како еден од основоположниците на овој добро по-

знат економски модел, Валтер Ојкен дава одговор на проблемите на поствоената и економски разрушената Германија. Слободно може да се каже дека тој е една од највлијателните академски личности во поствоена Германија. Во ваква конотација треба да се гледаат и неговите дела. Без Валтер Ојкен прашање е како Германија ќе се воздигнеше по воениот и економски шок. Јирген Старк, член на извршниот одбор на Европската централна банка вели: „Во случај да се осмелите да го изоставите Ојкен како економски гуру, размислете подобро. Неговото главно дело, Основи на економијата беше мој константен извор на инспирација во текот на целата моја кариера". Неговата важност и неговите визии, ден-денес немаат изгубено ни малку од својата смисла или релевантност. Дури и во контекст на евроинтеграциите, некој од неговите пристапи, како на пример контролата на конкуренцијата или, пак, независноста на Централната банка на европско ниво се веќе имплементирани.

Иако почина пред да ја види успешната имплементација на своите идеи, доволно признание за неговата работа е тоа што Лудвиг Ерхард постојано повторувал дека Ојкен е „интелектуалниот зачетник на политиките кои ја воздигнаа Германија до економска благосостојба за помалку од 10 години". Денес без никакво двоумење можам да заклучам дека Валтер Ојкен е патрон на социјалната пазарна економија. А токму социјалната компонента е тоа што го разликуваше германскиот пазарен модел од моделите на другите земји. Компонента која на Германија ѝ даде компаративна предност пред останатите држави. Затоа успехот на германскиот економски модел претставува и успех на делото и животот на Валтер Ојкен.

**Корстена литература:**

1. Stephan Kuhnert, 2006. *The man Who Heated Up Economic Discussion with a Stove: Walter Eucken's Challenge to the Social Sciences*

2. Viktor J. Vanberg – University of Freiburg, Walter Eucken Institute Freiburg, *The Freiburg School: Walter Eucken and Ordoliberalism*

3. Eucken, W. 1989 (orig. 1939). *Die Grundlagen der Nationalökonomie* ($9^{th}$ ed.)

4. Eucken, W. 1990 (orig. 1952). *Grundsätze der Wirtschaftspolitik* ($6^{th}$ ed.)

5. Eucken, W. 1950. Yearbook of ORDO

6. Sally Razeen, 1996. *Ordoliberalism and the Social Market: Classical Political Econmy from Germany.* New Political Economy 1

7. Hero Moeller, 1950. *Liberalismus*

**Abstract**

This text is a portrait of Walter Eucken (17 January 1891 – 20 March 1950), the intellectual architect of West Germany's post-war economic miracle and the foremost founder of the Freiburg *ordo-liberal* school of economics. He was an anti-Nazi, Christian scholar and one of the rare academics who was able to promote the free market theory with its social component. His most prized book is *Grundlagen der Nationalökonomie* in which he developed his famous "theory of order"; it is a study which remains a permanent source of inspiration to many economists. One of them is Ludwig Erhard who is considered father of the social market economy, but Ludwig Erhard himself many times repeated that Eucken is the intellectual force standing behind his successful politics. Therefore, Eucken's greatest success is the development of the social market economy foundations. This model made Germany one of the most powerful countries in the world and this is a success that can be considered as the success of the life and work of Walter Eucken.

# Guidelines for Prosperity, Social Justice and Sustainable Economic Activity

Konrad Adenauer Stiftung

www.kas.de

## Preamble

Increased economic and political interconnectedness has led to greater growth and competition in many countries around the world. It has improved education opportunities, strengthened the social infrastructure and reduced poverty. And yet, peace, freedom and justice are all under threat. The unequal distribution of global prosperity is a contributing factor for increasing political and social tensions. The only way to overcome the current financial and economic crisis is to have international rules for the financial markets. This requires a shared commitment to sustainable economic activity. We need an international consensus to enable prosperity, social justice and sustainable economic activity based on shared principles and values. Even at times of crisis, the positive effects of globalisation must not be put at risk by national or regional protectionism. Taking into account variations between cultures and societies, an orientation to the common good, democratic legitimacy and the inviolability of human dignity are the foundations upon which such a consensus shall be built.

## Guiding principles

The guiding principles are solidarity and subsidiarity. Solidarity ensures that the market economy is continually legitimised by its orientation to the common good, while subsidiarity creates and guarantees the space for individual responsibility and initiative.

## 1. Legal framework

A functioning, reliable and democratically legitimate legal system is the basis for efficient and sustainable economic activity. It creates the preconditions for a strong economy, an efficient and citizen-friendly state administration, and compliance with the principles of good governance. Regulating elements and consistent supervision ensure that rules are adhered to and violations penalised. This is not an end in itself. Regulation is the appropriate and correct

approach to shape incentives in a competitive economy in such a way that decentralised competitive activity benefits society.

### 2. Property ownership and employment

An efficient economic structure geared to sustainability must be based on a system of private property ownership that places the power of disposal over goods in the hands of private enterprises and households. Private ownership provides the critical incentive for generating income through work and is the basis of innovative entrepreneurship. Only an economic system that is based on private property can safeguard employment on a sustainable basis. This is the basis upon which individual responsibility and initiative can develop, without which an effective use of one's own potential and of education, innovation, growth and prosperity is unimaginable. Private ownership characterises a competitive system in which a multitude of owners of small and medium-sized enterprises are liable for their economic activity through their personal property. Ownership entails social obligations. Making use of it must serve the common good. This ensures careful and sustainable business activity and protects against a one-sided concentration on short-term profit-seeking.

### 3. Competition as the basis

A global competitive system based on the free determination of prices optimises the allocation of scarce resources. Fully functional competition is the engine that drives sustained economic activity. It fosters efficiency and progress, reinforces responsible behaviour and prevents the establishment of one-sided market power. A competitive system requires open markets, both nationally and internationally, and control of market power as well as concentration by the state and the international community. Competition is rooted in performance and equality of opportunity.

### 4. Application of the principle of liability

Freedom of competition requires the application of the principle of liability by which competitive performance is tied to the responsible conduct of each participating player. The prospects for profits stimulate competition, while personal liability in the event of losses curbs irresponsible and excessively risky behaviour.

### 5. Stability of the economic environment

A market economy needs a long-term economic policy and the greatest possible macroeconomic stability. This applies particularly to national and international financial markets. Confidence in a stable economic framework

is a prerequi-site for investments and long-term consumption decisions. Such confidence also requires the rejection of protectionist measures and of a monetary policy geared only to shortterm national economic and growth targets.

## 6. Provision of public goods by the state

In a market economy, the state must ensure the provision of public goods if the market is unable to provide these goods or can only do so inadequately. An efficient infrastructure, fundamental educational opportunities, and access to comprehensive healthcare provision are all areas that the state must be involved in shaping. The need for state involvement is particularly great where there is social disadvantage. However, there should be a limit to state intervention.

## 7. Solidarity and social security

Economic growth facilitates poverty reduction. The market economy cannot, however, prevent the development of income disparities and the disadvantaging of certain sections of the population. Therefore a market economy needs effective, broad-based social security systems functioning in line with market conditions, mechanisms for regional redistribution and a performance-oriented system of taxation in order to safeguard social peace and to enable appropriate levels of participation by broad sections of the population in the development of the economy and society.

## 8. Incentive compatibility

A market economy requires an incentive-oriented system of levies to finance state tasks. These taxes must be designed in such a way that they neither minimise performance incentives nor lead to allocative distortions.

## 9. Sustainability

Every economic system must be judged also by its longterm results. In ecological, social and fiscal terms, sustainability is one of the most important criteria for success and an expression of intergenerational justice. A legal system based on responsibility and liability facilitates sustainability. In particular, an active climate protection policy is an economic and moral obligation towards safeguarding the natural basis of existence for future generations.

## 10. Open markets

Going it alone does not represent a cure for individual countries in the current crisis. On the contrary, it can exacerbate the global impacts of the

economic crisis. What is crucial is a coordinated policy of open markets and respect for the rules of fair play. The relevant international institutions must be further strengthened to counter protectionism and economic nationalism.

### Conditions of success for a global social and market-oriented economic order

An open, global economy requires an international framework. Principles and rules which have proved themselves at both national and European level within the framework of a social and market-oriented system of values and economic rules must also be applied internationally. These principles establish a link between freedom and responsibility for the benefit of all. They must be improved, particularly in the area of the financial markets, and reinforced within the system of global trade. What is required is the expansion of the legitimacy, functioning and cooperation of international institutions as well as the creation of integrative forums for cooperation. A reliable legal system and a democratic order geared to subsidiarity are the basis for this. Political competition and political participation within nations promote economic development and a stable international social and economic order. Only a framework of this kind can ensure the supply of essential information by independent media and associations. Consensus and commitment by the political, economic and social actors to the reconciliation of interests in both the national and international context are the prerequisites for "prosperity for all".

# За авторите

**Норберт Бертхолд** (1952), е професор по „Економски системи и социјална политика“ на Факултетот за економија при Универзитетот „Јулиус Максимилианс“ во Вирцбург.

**Norbert Berthold** (1952) is Professor of Economic Systems and Social Policy at the Faculty of Economics of the Julius Maximilians University in Würzburg.

**Бојан Богевски**, роден на 23.09.1986, во Скопје. Дипломиран правник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Во моментот е магистрант на мастер студии на Правниот факултет, на насока „Финансово право“. Освен финансово право, активно истражува и се занимава со еколошкото право и основните човекови права и слободи. Стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер“.

**Bojan Bogevski** (1986 ) graduated at the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje. He is currently enrolled in MA studies at the Faculty of Law, Department of Financial Law. Apart from financial law, he is active in the legal sphere concerning environmental law and basic human rights. He is also Scholar of the Konrad Adenauer Foundation.

**Анри Боне** е директор на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје, Република Македонија. По професија е политиколог. Претходно работел во Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Киев и Москва. Работел и како експерт за безбедносни прашања во Германската амбасада во Киев и како ОБСЕ набљудувач за време на „Портокаловата револуција“ во Украина.

**Henri Bohnet** is Director of the Konrad Adenauer Foundation in Skopje, Republic of Macedonia. He is a political scientist who has previously worked in the Konrad Adenauer Foundation in Kiev and Moscow. Mr. Bohnet has also worked as a security expert in the German Embassy in Kiev and as an OSCE monitor during the Orange Revolution in Ukraine.

**Михаел Борхард** (1967) е раководител на Одделот за политика и советување при Фондацијата „Конрад Аденауер“.

**Michael Borchard (1967)** is Head of the Department of Politics and Consulting of the Konrad-Adenauer-Stiftung.

**Дејан Донев**, роден 1976 година. Магистрира во јули 2005 година со темата „Етичките механизми на дејствување на невладините организации“, а докторира 2008 година на Филозофскиот факултет во Скопје со тема под наслов „Етичките вредности во менаџерството“. Моментално работи како: доц. д-р на Факултетот за бизнис администрација при Euro College во Куманово, подружница на American Heritage University, San Bernandino, California, USA, по предметите: „Лидерство и етика“, „Бизнис етика“ и „Културолошки студии во бизнисот“, како и на постдипломските студии при истиот факултет по предметите: „Основи на тимска работа“ и „Етика и одговорност“; како и насловен доцент на Интердисциплинарните студии по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан 1“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, по предметот „Етика во новинарството 1“. Досега има објавено голем број текстови со научна содржина во списанијата „Философија“, „Разгледи“, „Културен живот“, „Граѓански свет“, „Филозофска истраживања“, „Philosophy Synthesis“, „ARCHE“, „Хабитус“, а учествувал и на бројни научни интернационални и домашни симпозиуми.

**Dejan Donev** (1976) received his MA degree in 2005 with the thesis Ethical Mechanism in the Activities of Non-governmental Organizations and his doctoral degree in 2008 with the thesis entitled Ethical Values in Management from the Faculty of Philosophy in Skopje. He is Assistant Professor at the Faculty of Business Administration at the Euro College in Kumanovo, a branch of the American Heritage University, San Bernandino, California, USA, where he teaches Leadership and Ethics, Business Ethics and Cultural Studies in Business as undergraduate courses and Foundations of Teamwork and Ethics and Responsibility as MBA courses. He is also Assistant Professor at the Department of Journalism of the Iustinianus Primus Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. He has published a number of articles in scholarly journals, such as Filosofija, Razgledi, Kulturen život, Gragjanski svet, Filozofska istraživanja, Philosophy Synthesis, ARCHE and Habitus and participated in many domestic and international scholarly symposiums and seminars.

**Улрих ван Зунтум** (1954), е професор по „Економија“ на Универзитетот „Вилхелм“ – Вестфалија и е раководител на Центарот за применети истражувања во економијата, Минстер.

**Ulrich van Suntum** (1954) is Professor of Economics at the Westfälischen Wilhelms-University, Münster and Head of the Center of Applied Economic Research in Münster (CAWM).

**Корделиус Илгман** (1980), е стручен соработник при Центарот за применети истражувања во економијата, Минстер.

**Cordelius Ilgmann** (1980) is Research Associate at the Center of Applied Economic Research in Münster (CAWM).

**Александар Костадинов**, роден 1980 год. во Штип. Магистрирал на Универзитетот во Болоња во октомври 2008. Дипломирал економија на департманот „Надворешна трговија", Економски факултет – Скопје во јануари 2004. Поле на научен интерес: економски политики на земјите во транзиција, политики за привлекување на странски директни инвестиции и трговска размена во земјите од Западен Балкан.

**Aleksandar Kostadinov** (1980 ) holds an MS degree in Economics of Transition Countries from the University of Bologna. He graduated from the Faculty of Economics in Skopje, International Trade Department, in January 2004. Fields of analytical interest: economic policies of transition countries, policies for attracting FDI and trade among Western Balkan countries.

**Елке Пикарц** студирала економија во Бон и на Оксфорд, моментално работи како уредник за економија и економската криза во германскиот неделник „Виртшафтсвохе" (Wirtschaftswoche).

**Elke Pickartz** has studied economics in Bonn and Oxford. She is economics and economic crisis issues editor at the German weekly magazine Wirtschaftswoche.

**Христина Рунчева** (1984) е пратеник во Собранието на РМ од 2008 година. Додипломски студии на правни науки на Правниот факултет во Скопје. Постдипломски студии на европски институции и политики на Правниот факултет во Скопје, Универзитетот „Карл Франценс", Австрија и Универзитетот на Западна Бохемија, Чешка. Помлад асистент на област применети политики на Правниот факултет во Скопје.

**Hristina Runčeva** (1984), is an MP in the Assembly of the Republic of Macedonia. She graduated from the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje, Department of Law. She is currently working on her M.A. studies on EU Institutions and Policies at the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje in partnership with the Karl–Franzens Univesity of Graz and the University of West Bohemia in Pilsen. She also teaches as junior teaching assistant at the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje.

**м-р Зоран Ставрески**, Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и Министер за финансии.

**Zoran Stavreski,** M.S. (econ.). Vice President of the Government of the Republic of Macedonia and Minister of Finances.

**Ханс Титмајер**, роден 1931, од 1993 до 1999 беше претседател на Германската сојузна банка. Во моментот е претседател на Одборот за иницијатива на нова социјална пазарна економија и е член на Одборот на Фондацијата „Конрад Аденауер“.

**Hans Tietmeyer** (1931) was President of the German Federal Bank from 1993 to 1999. He is currently Chairman of the Board of Trustees of the Initiative for a New Social Market Economy and member of the Board of Trustees of the Konrad-Adenauer-Stiftung

**Борче Треновски** – роден е 1981 год., дипломирал 2004 год. на Економскиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 год. на истоимениот факултет ја одбранил магистерската теза „Теоретската фундираност на клучните макроекономски политики“. По дипломирањето (2004 – 2006) работи во Народната банка на Република Македонија, каде што активно е вклучен во развивањето и воспоставувањето на НБРМ како Чувар на имот (во новиот реформиран пензиски систем) и Пазарот преку шалтер. Во моментот работи како асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметите „Развој на економската мисла“ и „Општествено богатство и национални сметки“. Член е на Центарот за економски анализи (ЦЕА) – Скопје.

**Borče Trenovski** (1981) graduated from the Faculty of Economics of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Department of Financial Management, in 2004. In 2009 he defended his M.S. thesis Theoretical Foundation of the Key Macroeconomic Policies and obtained an M.S. degree in Monetary Economics. After graduation, he worked at the National Bank of the Republic of Macedonia (2004-2006), where he was actively involved in the development and establishment of the Custodian Unit and Over-the-Counter Market (OTC). He is currently tutor at the Faculty of Economics in Skopje where he teaches Development of Economic Thought and Social Wealth and National Accounts He is also an analyst at the Center for Economic Analysis (CEA) in Skopje.

**Катерина Шапкова**, родена 1985, Скопје. Дипломиран економист на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (отсек „Економија“), моментално студент на постдипломски студии по „Управување во јавниот сектор“. Работи како помлад асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ по предметите „Економика“ и „Современи економски системи“.

**Katerina Šapkova** (1985) holds a BS degree in Economics from the Faculty of Economics, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Department of Economics. She is currently attending the postgraduate studies program on the Management in the Public Sector. She works as a junior teaching assistant in Economics and Contemporary Economic Theories at the Iustinianus Primus Faculty of Law.